БРАНКО СОТИРОВСКИ

# ЗЕТА МАКЕДОНИЈА

## ТРАНСКРИПЦИИ И ТОЛКУВАЊЕ НА ДРЕВНИТЕ МАКЕДОНСКИ НАТПИСИ

## Том I

## 400 000 ГОДИНИ МАКЕДОНСКА ЦИВИЛИЗАЦИЈА

**Бранко Сотировски**

# З Е Т А   М А К Е Д О Н И Ј А

## ТРАНСКРИПЦИИ И ТОЛКУВАЊЕ
## НА ДРЕВНИТЕ МАКЕДОНСКИ НАТПИСИ

## Том I



Симбол на пролетта, љубовта, цвеќињата и убавинaта, симбол на Маричка божја, Мадон пролетна, Мадонка оплодена, Македонка во раст, МАЈКА родилка и Македонија рајот **е мотивот** во форма на пупка, отворен цут, оплоден цут, зачеток на плодот и раѓањето на рајот, ОВОЈ МОТИВ Е МАКЕДОНИЈА.

Благодарност до Ристо Поповски, Васил Иљов, Александар Станковски, М.Д,

Гоце Богдановски, Јасминка Ристовска Пиличкова, Д. Васко, Ц. Соња

Издавач: АРС ДООЕЛ – Скопје
Сите права на изданието ги има АРС ДООЕЛ – Скопје
Г.Т.Ц. I кат север бр.3 Скопје
e-mail: zetamakedonija21@gmail.com

Лектура:
Вероника Димитрова

.........................................................................................................

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје.

930.85(497.7) : 003.072

СОТИРОВСКИ, Бранко
Зета Македонија [Електронски извор] : транскрипции и толкување на древните македонски натписи. Т. 1, 400 000 години македонска цивилизација / Бранко Сотировски . – Текст, илустр.. – Скопје: АРС Бранко Сотировски, 2014

Начин на пристап (URL): https://www.zetamacedonia.com. – Наслов
предземен од екранот. – Опис на изворот на ден 12.03.2014

ISBN 978-608-65510-1-8

а) Цивилизација – Македонија – Палеографски аспекти
COBISS.MK-ID 95819018

## СОДРЖИНА:


РЕЦЕНЗИЈА ........ 5

I. КРАТОК ВОВЕД ........ 8

II. БОЖЈА МА, МАРИЧКА БОЖЈА, МАДОН ПРОЛЕТНА, МАДОНКА ОПЛОДЕНА, МАКЕДОНКА ВО РАСТ, МАЈКА РОДИЛКА, МАКЕДОНИЈА РАЈОТ ........ 20

III. НАЧИНОТ НА СОЗДАВАЊЕ НА СВЕТИТЕ МАКЕДОНСКИ БУКВИ ЦУТНИ И БРОЕВИТЕ ПРОЛЕТНИ ........ 22

IV. КОСМОЛОШКО - КОСМОГОНИСКИ ПРИКАЗ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА СВЕТОТ ........ 26

V. ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА ........ 31

VI. СПОМЕНИЦИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ОД СИТЕ ПЕТ КОНТИНЕНТИ ........ 32

01. „Дух божји Македон - сказалка на времето“
Зета Мадонија, Билзингслебен(Bilzingsleben),(денешна Германија) 400 000 г.п.н.е.... 32

02. „За нашата митологија“
Зета Македонија Прекуокеански Јужен ЦУТ, Наска линии (денешен Перу)
100 000 - 70 000 г.п.н.е........ 37
02/1 „Пирамида на сонцето“ ........ 40
02/2 „Тројански коњ‘‘ ........ 41
02/3 „На ИЛ‘‘ ........ 42
02/4 „ИЛИ ли од до‘‘ ........ 42
02/5 „Божја молња ‘SE‘ ‘‘ ........ 42
02/6 „Додолска обредна песна“........ 43

03. „Сонце јасно“
Зета Македонија Прекуокеански ЦУТ (денес Колорадо) 14 500 - 7000 г.п.н.е........45

04. Зета Македонија Лом на Дон, Национален парк Какаду (денешна Австралија)
20 000 – 6 000 г.п.н.е. ........ 47
04/1 “СИНОТ НА ЛОМ”........ 48
04/2. „ИТН ТЕШТ“ ........ 49

05. „Цут – Симбол на Македонската цивилизација“
Бело сликана цртеж-лигатура 4480 и 4250 г.п.н.е. Велушка тумба – Пелагониски регион, ран неолит - Република Македонија ........ 51

06. „Мајката земја на виното“
Марвинци, Република Македонија ........ 53

07. „Македонија Зета“
Зета Македонија Востанија, Khao Pla Ra (денешен Тајланд), 3 000 г.п.н.е. ........ 54

VII. ВРЕМЕ БЕСКОНЕЧНО ........ 57

VIII. ПЕСНА
„ЗЕТА МАКЕДОНИЈА ПРОЛЕТНА“ - од дешифрирани стихови од спомениците на културата на територијата „Големата Зета Македонија“ распространета на пет континенти, одбрани од книгата „Зета Македонија“........ 60

IX. ПРВИОТ ТОЛКОВЕН РЕЧНИК........ 64
X. Користена литература........69

**Рецензија**

Фасцинантните научни откритија на Бранко Сотировски

Во своето монументално научно истражување, кое по својата методологија е мултидисциплинарно и е втемелено врз еден комплексен дедуктивен систем на проучување од областа на палеолингвистиката, антропологијата, археологијата, митологијата, етнологијата и други научни дисциплини, интуитивниот и ерудитивниот гениј на Бранко Сотировски нè води на едно фасцинантно сознајно патување во далечното минато, кое во современата наука е сè уште акцептирано како алтернативно, хипотетично, напати дури и фантазмагорично, патување, при кое дури и на посветените научници од оваа област, секако на оние академски ориентираните схоластици чија главна задача е да го бранат петрифицираниот конзервативен научен став како еден вид саинтифичка гарда, во многу нешта подобна на догматиците од времето на Инквизицијата, им се замаглува свеста и доживуваат помрачување на нивниот рудиментиран научен светоглед. Но, за секој посветеник со отворена сознајна свест и жива интелектуална интуиција, ова научно истражување на големиот ентузијаст, авторот на оваа книга со наслов „Зета Македонија“, Бранко Сотировски, е вистински еликсир на спознанието, а истражувачкото патување на кое нè води како вистински адепт и алхемичар, е една неспоредливо возбудлива авантура на духот. Треба да се има голема интелектуална храброст, но уште повеќе талент и знаење за еден научник да се впушти во едно волку деликатно и смело излагање, при кое на површината на свесното се појавуваат вистини, шокантни и неверојатни, но во исто време тези, кои овој екстраординарен проучувач на најделикатните сфери на длабоката историја (всушност, според академската терминологија - праисторија) ни ги аргументира со зачудувачка прецизност и со вистинска научна аргументација, втемелена на артефакти, но и на принципиелните логични методи на референтните научни дисциплини.

Откако е воспоставена историската наука во новиот век, односно по ескалацијата на ренесансниот спознавачки дух, се јавува константно периодично коригирање на воспоставените параметри за постанокот, но и за историското време, во кое човештвото со еволутивен процес на гностичка иницијација транзитирало од епохата на бесловесноста кон словесното битисување на оваа планета, или ако сакате, од едно анимално и стихиско постоење, во голема мера базирано на инстиктите, кон вострамување кон духовноста и креативноста, цивилизациските индикатори, кои се втемелени врз говорот, писмото, уметностите, технологијата и општествената организација. Токму најголемите научни полемики во историското време се воделе и сè уште се водат околу датирањето и контекстите на овие, во секој случај, фасцинантни појави, не само на планетарно, туку и на вселенскои рамниште.

Без сомнение, главните ресурси на оваа научна систематизација лежат врз обилните диверзитети на митологиите што човештвото ги создавало како порив да се одрази и изрази во бесконечноста на простор-времето, како феномен неспоредлив со било кој друг феномен во вселената. Со историска и емпириска сублимација на овие митологии создадени се религиите, кои долг период во човековата сознајна и општествена еволуција имале улога на толкувачи на сите непознати сфери, со кои се среќавал живиот и секогаш заинтересиран за непознатото, дух човеков.

Така, на пример, според книгата на постанокот од Стариот завет, проценката на староста на светот била 6 до 7 милениума, а оваа догма се одржала прилично долго, сè до времето на рационализмот, кога религиозната догматика, пред сè онаа, која ги монополизирала научните теми, била темелно деконструирана од страна на експерименталната аргументација и самата логика, која, всушност, била и структуралната методологија на научниот спознаен процес. Оваа транзиција на научниот светоглед не се одвивала без проблеми и реакционерност од страна на конзервативните догматици, напротив. Бројни се маченицитe во името на научната вистина. Да се присетиме на Џордано Бруно, кој беше спален на клада од страна на Инквизицијата, на судењето и малтретирањето на Галилео Галилеј од истите овие структури, непријателски ориентирани кон научните вистини, кои овој вљубеник во совршеноста на вселенската структурологија ги застапуваше во своите дела, а кои не му беа по волја на Ватикан. Да се присетиме на негирањата на откритијата на Јохан Кеплер, на Исак Њутн, на Тихо Брахе и на други големи научници, кои конзервативците од тоа, замрачено во умот, време ги гледаа како вештери и слуги на нечестивиот. Но, вистината без оглед на тоа дали е научна или поетска, секогаш бара жртви.

Кога војната против Инквизицијата беше конечно добиена, а црковната догма исфрлена од научниот Пантеон, некаде во почетокот на 19 век, по скоро три века маченииштво на прогресивните и креативни сили во науката и уметноста, почнаа да се случуваат нови предизвици и контроверзи, но овој пат барем научниот форум и берзата на идеи функционираа потолерантно, што не значи дека старите манири беа искоренети до крај. Иако светогледите беа во голема мера проширени, а научната аргументација стана неминовен метод на докажување на разните хипотези, пред сè за историската наука, природните науки и науката за постанокот, која ги извлекуваше своите аргументи од нововоспоставените научни дисциплини, базирани на егзактните науки (да се сетиме на Кант–Лапласовата претпоставка за постанокот на вселената), настана еден нов конфликтен проблем во контекст на создавање на еден конзистентен научен поглед на светот. Тоа, всушност, беше синдромот на „Вавилонската кула“ и мешањето на јазиците, или подобро – на контекстите. Тоа овозможи научните вистини во ова ново време да се определуваат со еден вид консензус на проминентните академски експерти, што на некој начин повторно ја воведе светската наука во еден вид гносеолошка диктатура. Сепак, оваа академско авторитарно арбитрирање ни оддалеку не беше така ригидно и насилно, како она на Инквизицијата.

Но овој идеалистички период во науката не траеше долго. Набргу по појавувањето на тоталитаристичките идеологии, какви што беа комунизмот и нацизмот, науките се политизираа, идеологизираа и почнаа да се однесуваат како доктринарни апологии на овие тоталитаристички системи. Сè уште има живи сведоци, пред сè научници, кои ја вкусиле жестоката казна на овие режими за нивното недогматско толкување на одредена научна проблематологија. Дури би се осмелил да кажам, дека овој ригиден тоталитаристички менталитет во науката е сè уште присутен во одредени академски кругови како реликт.

И токму ова смело научно излагање на Бранко Сотировски може да биде цел на нападите на овие научни догматици, реликти на комунистичкиот тоталитаристички менталитет, кои за жал, се сè уште добро позиционирани во нивните академски бункери, секогаш спремни за најжесток напад.

А делото на Бранко Сотировски е навистина провокативно, можеби едно од најсмелите анализи и декодирања на енигмите од минатото. Самото спомнување на бројката од 400 000 години цивилизација и писменост, внесува голема раздразливост кај дежурните комесари на

„здравиот разум“ во академските научни сфери. Кога, пак, кон ова ќе се додаде дека корифеите на оваа цивилизациска и писмена фертилизација на човештвото се Македонци, имено, Боговите-Македонци, доаѓа до делириум и манијакални устреми кај овие современи инквизитори на научната свест, кои во својот идеолошко–научен фанатизам не даваат никаква шанса за било каква поинаква научна вистина, освен за онаа, која тие самите ја застапуваат, без оглед на аргументацијата со факти и логиката, имплементирана во овој процес на експертиза. Да се присетиме само дека тие сѐ уште фанатично и вехементно ја застапуваат тезата за доселувањето на Словените од зад Карпатите, теза, колку побиена од научната аргументација, толку и ставена во служба на геостратегијата и геополитиката на 19 век, со цел да му се даде сила и легитимитет на тотално невистинитиот и исфабрикуван квази-научен концепт на хеленизмот и да им се одземе симболичката моќ и историско-цивилизациското достоинство на Словените, како на најсериозна културна и политичка закана за Западот. И покрај сите релевантни историчари и нивните дела, и покрај археолошките и лингвистичките докази и референци, оваа ступидна и недокажана теорија на повеќе геополитичарот, а многу помалку на историчарот, лингвистот,археологот и антропологот Дројзен, фати корен во академската научна јавност, и тоа не само за геостратегиски заинтересираниот западен империјализам, туку и кај нас, на Истокот, меѓу Словените, малтретирани повеќе од пола век со идеологизираната и политизирана комунистичка наука.

Ете, затоа ова резиме е дефанзивно ориентирано и, пред сѐ, сака да го предупреди, но и да го ослободи хипотетичниот читател од сите стапици кои го демнат на ова величествено и колосално патување, на кое нѐ поканува и нѐ води фасцинантното научно откритие на Бранко Сотировски. Намерно не сакав да навлегувам во детална анализа, што се однесува до богатата и дивергентна научна граѓа, што во оваа студија ви ја предава и елаборира ентузијастичкиот и храбар истражувач на овие неверојатни феномени и откритија. Сакав само да обезбедам една рамка за ослободен од предрасудите и од петрифицираните илузии, влез во ова неспоредливо научно истражување на Бранко Сотировски.

Рецензент

Александар Станковски

# I. КРАТОК ВОВЕД

Во осумнаесеттиот и деветнаесеттиот век е пласирана тезата дека само историскиот антички период е време на зачетокот на модерна Европа, не водејќи сметка за постарите наоди, како докази за големите достигнувања во науката, уметноста, спортот, митологијата и писменоста, кои се основа за овие подоцнежни достигнувања. За жал овој став на научниот свет е застапен до денес, претставувајќи ги постарите наоди како дела на „примитивен народ од палеолитот и неолитот“[1], одбивајќи ги новите толкувања на еволутивната историја поткрепени со пишани документи. Кој бил тој народ, како изгледала нивната митологија и кое писмо и јазик го користел? Одговорот е во оваа книга. Но, претходно може со сигурност да се каже дека тоа не е безименото племе од арапско потекло населен на јужниот дел на Македонскиот Полуостров во малото гратче Греко, населено со крадци и измамници. Греко на нивниот јазик значи крадец, измамник. Тоа не е ни градот држава Рим, со украденото материјално и културно богатство од Македонците. Да посочиме само неколку примери: нивниот јазик е извртен јазик на арапското племе формиран од македонскиот јазик. Римската азбука не е римска, туку тајната македонска азбука на ЦУТОТ, римските броеви не се римски, туку тоа се македонските броеви на ПРОЛЕТТА, римската митологија е македонска митологија со изменети имиња на светците (боговите), римското право е македонско право и др. Значи постарите наоди припаѓаат на еден народ распростанет на пет континенти со засега утврдена старост од 400 000 год., а тоа е македонскиот народ организиран во Големата Зета Македонија.

Оваа книга претставува опис за науката, уметноста, спортот и митологијата, преку пишаните документи, споменици на културата на македонската цивилизација, дела на боговите Македонци низ целиот свет. Ја презентира најдревната македонска митологија за **вечниот живот** и патот на душата кон РАЈОТ. И тоа преку тројанскиот коњ, македонскиот ќилим и вез, виножитото, росата, преку првиот облик на пишување со буквите „ЦУТНИ“ и броевите пролетни, првиот сончев зрак како дух божји Македон, персонифициран во најразлични форми на машки принцип, дух или души на боговите Македонци со „влезот во усните на божјата МА“, со божјата молња SE и преку сончевата пирамидата на ПЛОДНОСТА.

Македонија е освојувана, ограбувана и негирана од соседите со присвојување на дел од нејзиниот културен придонес кон светската историја, а подржувани од некои европски земји. Со тоа се појавува и нужна потреба од оваа книга, која е само предговор за богатата историја на македонскиот народ, почеток на проучувањето за развојот на културата и цивилизацијата на светот и нејзиниот континуитет до денес. Сето тоа со помош на геометриските симболи, цртежите на карпа и земја, писмото и јазикот, дознаваме дека историскиот период на македонскиот народ, според досегашните сознанија е со старост од најмалку 400 000 години. Мојата теорија е научно - имагинарна, реално - нестварна, световно - божествена, практично - уметничко - митолошка, логична и магична, логична и нелогична, толку реална и вистинита што изгледа неверојатно.

Долгогодишното истражување на научниците ширум светот ни укажува дека постоењето на изработените алатки, живеалиштата, цртежите во пештерите, петроглифите, графемите на кожа, геоглифите или цртежите на земја, се првиот евидентиран доказ за тоа како луѓето, како специфична форма на постоење почнувала да се разликува од останатите живи суштества. Цртежите и таканаречените шарки, кои привлекуваат сè поголемо внимание, сè уште претставуваат предизвик и восхит за антрополозите, археолозите, етнолозите, историчарите и авантуристите. Почетоците од кога датира населувањето на првиот човек на Земјата и од кога луѓето почнуваат да комуницираат меѓусебно со пишан збор, било и ќе остане вечно прашање. Современите западноевропски теоретичари ја пласираат строго само приказната за

[1] Термините за периодот палеолит и неолит за првпат се запишани од John Lubbock во 1865 год. во публикацијата „Примитивно време“.

првиот човек како див ловец, дури и како канибалист, кој мигрирал од едно место во друго и кој немал постојано место на живеење, со еден збор варварин. Оваа теорија е целосно површна, ненаучна и погрешна. Многу од досегашните сомнителни теории и претпоставки за датирањето од кој период на човечкиот развој се јавува писмото се обвиткани во сомнеж и не се доволно истражени.Тоа интензивно ќе не предизвикува што подлабоко да истражуваме и да бараме одговор. Еден од одговорите е посочен и во оваа книга, обработувајќи ги буквите **цутни** (кирилица и латиница), броевите **пролетни** (римски) и ракописите во облик на лигатури, од самиот почеток на употребата на гласот и зборот, поткрепено со непобитниот факт за првата македонска гласовна азбука и првите пишани документи на македонски јазик во светски рамки, во кои се наѕираат корените на историјата на светот. Основен елемент, со помош на кој се обработени овие пишани документи се **македонскиот јазик, писмото, науката и митологијата**.

Значи **Македонците се луѓе на светот, со меѓусебен социјален живот,** претставувани од западните научници како луѓе кои дошоле од некаде, а и самите научници не знаат, не сакаат и не смеат да кажат од каде. Единствено можно е да се прифати западната теза дека **„Македонците се дојденци“** ако претпоставиме дека тие се создадени од Богот Сонце ИЛИ – ИЛ, дојдени од **„Зета Македонија Космичка“** како богови во Големата Зета Македонија **РАЈОТ**, наречени **богови Македонци**. Боговите Македонци биле присутни на планетата Земја на пет континенти: Европа, Азија, Африка, Австралија и Америка, наречена **божја МА**, од секогаш пренесувајќи ги со векови и милениуми сите тие свои културни карактеристики на своите потомци, но и на другите народи. Тоа е така бидејќи светиот македонски народ кој бил благороден и човекољубец имал света должност од богот Сонце ИЛИ - ИЛ да ги описменува сите други помали племенски заедници пренесувајќи им писмо, наука, уметност и митологија, но како што светлината ја привлекува темнината така и македонскиот народ поради светата должност бил лесен плен на варварите, скитниците, криминалците и безбожниците. Многу од западните научници поради субјективни побуди му припишуваат на сопствениот народ нешта како да се нивно културно достигнување и наследство, слично како што нашите соседи си ја присвојуваат територијата и културата на македонскиот народ, заборавајќи го фактот дека хрватскиот, српскиот и бугарскиот јазик се само дијалекти на македонскиот јазик, а во грчкиот и латинкиот јазик има од 60 до 70 % македонски зборови и сите јазици низ светот имаат корен од македонскиот јазик.

Научниците не можат ни да си замислат дека меѓу останатите помали групи на народи раштркани по светот, само Македонскиот народ како божји деца и богови на земјата е создаден одеднаш на петте континенти, во една заедница со општествено уредување како држава, наречена Зета Македонија, македонска цивилизација, култура во вистинската смисла на зборот, култура на **ГОЛЕМАТА МАЈКА на ВОСКРЕСЕНИЕТО**, **Богот - Сонце ИЛИ – ИЛ** и Големата **Зета Македонија.** Велат „Сликите во пештерите се само со симболично - магиски карактер и украсени со шарки“. Таквото толкување за цртежите и сликите на кои постои текст, се должи на тоа што поголем број истражувачи не го познавале писмото и јазикот на луѓето што го напишале, или пак само од пристрасност премолчуваат. Не знаат дека цртежите, сликите и таканаречените шарки се ремек дела на човекот - Македонец и служат да пренесат апстрактни научни мисли, персонификации со растенија, животни и луѓе, сето тоа склопено и изработено во облик на **лигатура,** во стихови, со линија и боја. Кодот на Македонците живее до ден денес во новоформираните народи кои го признаваат или не го признаваат. Некои историчари ги зачудува фактот што во сите цртежи и шари се среќаваат исти симболи со слични стилови, во различни периоди од таканаречената „праисторија“ низ целиот свет. Ова го објаснуваат како коинциденција, а не како индикација за едни исти луѓе припадници на една култура - едно царство кое се викало **Зета Македонија** со нејзините славни владетели ЗЕТОВИ и НЕВЕСТИ, ТЕШТ и ТЕШТИ. Во нив јасно се забележуваат букви и броеви, слова со кои се искажува порака која има смисла и целина.

Начинот како тоа им успевало на Македонците е следниов, Македонците како божји деца и богови на земјата го поседувале божјиот дар - умот. Тие имале нужна потреба умствените активности да ги пренесат на други луѓе гласовно. Во истиот момент на создавање на првиот глас се создавала и првата буквата како еден ЦУТ - ПРОЛЕТ. Со

создавањето на повеќе гласови, повеќе цутови, меѓусебно оплодени се создавале зборовите, а воедно и азбуката. Првата азбука била фонетска, за секој глас по една буква.

Просторот на земјината топка, боговите Македонци го делеле со народи со понизок степен на развој. Слично како уште неоткриените племиња во џунглата на реката Амазон и тие народи имале ум и говор, но писмото им било попримитивно па го позајмувале од боговите Македонци. Во недостиг на буква од некој нивен специфичен глас измислувале нова или пишувале две или повеќе букви од македонските цутни азбуки. Таков е случајот со таканаречената грчката азбука позајмувајќи ја во целост македонската азбука. Кај тајната цутна азбука пак, наречена латиница, денес употребувана од одродените Македонци откажани од своето име како своја, за некој од гласовите се пишуваат две или повеќе букви. На пример буквата „Ч“ се пишува со „ch“, буквата „Ш“ ја пишува со „sch“.

Не е точна констатацијата дека пештерските слики претставуваат сликовно писмо како прво примитивно писмо кое не претставува јазик. Пештерските цртежи се израз на уметничкиот дострел на боговите Македонци. Македонците тогаш исто како и денес изработувале слики со **скриени пораки** со форми од македонските цутни азбуки јавната и тајната, со одредена мисла и порака. Изработени се цртежи во облик на лигатури кои претставуваат ремек дела на уметноста, исто како што го прават луѓето денес.

Како поразвиена форма на писмо од минатите милениуми, научниците сметаат дека е идеографското писмо кое има преносно метафорично значење, а на јазично ниво одговара на зборот. И во овој случај немаат право, бидејќи, на пример писмото од Зета Македонија АР на МА (Египет) хиероглифите се направени од букви, како на пример денешните сообраќајни знаци за паркинг или болница (подоле на стр.10). Цртежите со прикриени пораки од камениот период на Зета Македонија и македонскиот народ се изработени со помалку или повеќе препознатливи букви исто како и денес, изработените лигатури за фирми и работни здруженија - логоа. Лигатурите од камениот период претставуваат своевиден прикриен стилизиран потпис со повеќе или помалку читлив натпис, исто како и денешните лични потписи и како потписот на секој читател на оваа книга.

Традицијата за изразување на митолошките претстави со лигатури и симболи е жива и опстојува до ден - денес низ македонските обичаи, носии, орнаменти, слики, скулптури, букви, броеви и други традиционални обележја.

Примери на лигатури




Сл.1

Лого кое претставува совршена лигатура на Православниот богословски факултет Свети Василије Острошки – Фоча.[2]

[2] http://www.ues.rs.ba/lat/bogoslovski-fakultet/vijesti/u-doboju-izlozba-studenata-pbf-a




Сл.2.
здружение „Vivante Ardèche“ [3]

Изработена цртеж - лигатура со буквите од македонската азбука на цутот, всушност цртеж на кула од тврдина е скратеница од здружението „Vivante Ardèche“ создадено во 1971 година, која има за цел поддршка на замокот Vogue.




Сл.3

Лого на АРС Ноќевалиште, Скопје, Република Македонија. АРС е македонски збор кој значи, занаетчиство, мајсторство, мајстор, умешност, уметност. Ако се расчлени зборот на „АР“ и „С“, ар е земја, основа на македонската пирамида, а исто така АР е и место каде што пристигнува духовната енергија од сонцето како дух божји Македон и се претвора во материја. АР е божество од територијата на Зета Македонија АР на МА (Египет) под името АМОН АР или АР НА МА. Заштитниот знак на АРС Ноќевалиште претставува цртеж - лигатура што го симболизира сонцето богот ИЛИ. Го симболизира изгрејсонцето, раѓањето на нов живот, раѓањето на пролетта, Дон или ЦУТ. Сонцето изгрева од хоризонтот, од божјата МА, од АР како дар на боговите Македонци. АРС е ембрион во фаза на раст. Лигатурата под бр.3 би значела**: „Мајсторот на севкупниот живот божји**.“




Сл.4 Сл.5 Сл.6[4] Сл.7[5] Сл.8[6]

Второто лого на АРС Ноќевалиште Скопје, Република Македонија сл.4. Се што е кажано на првото лого за АРС Ноќевалиште се однесува и за оваа цртеж - лигатура. Пораката на оваа лигатура гласи: по љубовниот допир помеѓу сонцето и земјата, помеѓу таткото и мајката со помош на духот божји Македон и пролетта Дон или ЦУТ ќе се родат сите плодови на земјата. Сонцето со небескиот свод, преку буквата „А“ или пирамидата, се спушта на земјата како сончев зрак или дух божји Македон. А божјата земја МА во молитвен став на раширени раце, го прима сончевиот зрак преку буквата „У“ и буквата „С“ што значи УС или ВО УСНИТЕ, за да ја оплоди со „оплод“, „орос“, „роса“.

Слични цртеж - лигатури се претставени на сл.5, сл.6, сл.7 и сл.8. Претстава на љубовен спој на сл.6, под името **„М’дон прима“ е** пронајдена во Танум, Западна Шведска, 3 000 г.п.н.е. На сл.7, орантот од опсерваторијата Цоцев Камен, Кратовско, среден палеолит Република Македонија на сл.8 е Богородица со кренати раце од црквата Пресвета Богородица Привлептос која се наоѓа во Охрид, Република Македонија изградена 1295 год.

---

[3] Сл.2 http://www.chateaudevogue.net/presentation.php
[4] Сл.6 Танум, Западна Шведска, 3 000 г.п.н.е. Види повеќе во вториот том „Зета Македонија“..
[5] Сл.7 Орант од опсерваторијата Цоцев Камен, Кратовско, среден палеолит, Република Македонија. Датирано според д-п Ивица Милевски (географ) и м-р Василка Димитровска (археолог). http://www.igeografija.mk/Portal/?p=252
[6] Сл.8. Богородица, од црквата Пресвета Богородица Привлептос, Охрид, Република Македонија.








Сл.9[7] Сл.10[8] Сл.11[9] Лого на Masa Azul, мексикански ресторант во Чикаго.

Логото на ресторантот е во облик на лигатура на која го пишува името на ресторанот, но има и друго симболично значење. Во Америка, каде живееле граѓаните на големата Зета Македонија пред илјадници години, а по мојата претпоставка пред 100 000 - 70 000 г.п.н.е. оставиле видни траги и на останатото население на митологијата и обичаите.




Сл.12

Симболиката на логото на ресторанот по мое мислење е следнава: логото како стилизација на човек или божја МА наречена МАДОНА (мајка на Дон или ЦУТот), на денот XXI – ви март, ќе биде оплодена од духот божји Македон со помош на сончевите зраци ИЛ и ќе го роди рајот на земјата. На логото покрај македонските букви на цутот, ги среќаваме и македонските броеви пролетни.










Сл.13 Потпис како лигатура на Јосип Броз – Тито (Кумровец, 7 мај 1892 - Љубљана, 4 мај 1980 година)

Сл.14

Сл.15

Јосип Броз - Тито бил член на Југословенската комунистичка партија и доживотен претседател на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.
Тито бил генерален секретар, а подоцна и претседател на Комунистичката партија на Југославија од 1939 до 1980 година и ја предводел Југославија во Втората светска војна. На чело на партизанското ослободително движење бил од 1941 до 1945 година. По војната бил премиер на Југославија, а подоцна и претседател на државата. Од 1943 год. до него-вата смрт тој бил одликуван за единствен Маршал на Југославија и врховен командант на Југословенската народна армија. Неговиот потпис како и сите други потписи од камениот период на македонскиот народ па сè до денес, сè до последниот читател на оваа книга, се неразбирливи и тешко читливи. Најчесто буквите се пишувани во облик на лигатура една врз друга. Ако денес секој човек може да има свој потпис, се поставува прашањето, зошто луѓето од камениот период не би имале своерачни потписи. Поради неразбирливоста на буквите потписот може да се толкува вака или онака. Но земајќи ги и другите податоци во врска со потписите, како на пример времето на изработка, користената азбука и претходната

[7] Сл.9. Види повеќе во вториот том „Зета Македонија“
[8] Сл.10. „Македонија во пролет“ Крит 1660 – 1400 г.п.н.е. Види повеќе во вториот том „Зета Македонија“
[9] Сл.11 преземено од интернет страницата http://www.masaazul.com/

содржина на текстот, доаѓаме до заклучок или дешифрирање на името и презимето на потпишувачот. Вакво слично дешифрирање денес се прави од историчарите на уметноста за откривањето на авторите на уметничките слики кои не биле потпишани или имале неразбирлив потпис. Тие според проценката на староста на материјалите на уметничката слика како бојата, подлогата, платното, дрвото и според стилскиот израз, формата, линијата, динамиката, мотивот и пораката која сака уметникот да ни ја соопшти, се доаѓа до заклучок за самиот автор на уметничкото дело. Таков е случајот за познатите сликари од времето на ренесансата као Леонардо, Микеланџело, Рафаело или инпресионистот Ван Гог. По слободна проценка на стручни или нестручни луѓе и институции, но со одреден интерес, дешифрирањето за авторот на сликата, за потписот или иницијалите според многубројните анализи како и ликовните вредности на сликата, лекомислено се прифаќа веродостојноста на делата кои на аукциите достигнуваат огромна цена во милиони.
Потписи на владетели зетови и нивни лични имиња, постоеле уште од камениот период на македонскиот народ, како на пример зет Ис Иљо[10] во пештерата Бломбос во Зета Македонија Лом Божји, денешна Јужна Афричка Унија, 75 000 г. п.н.е. или зет Ајон[11], Зета Мадонија - Холич, денешна Словачка 32 000 г.п.н.е. и други кои следат подолу низ транскрипциите. Ако се изврши анализа на погоре споменатиот потпис на Ј. Б. Тито ќе дојдеме до заклучок кој е интересен, поради неговото место и улога во револуционерната борба на сите балкански народи, поставен од комунистичката партија, а можеби и од западните сили, се однесувал како наредбодавец со изреката „ТИ ТО“ во смисла „Ти тоа и тоа направи“, така добивајќи го прекарот „ТИТО“. Потписот Тито е напишан со македонски цутни букви - кирилица со една линија на бесконечноста во времето и просторот, симболизирајќи го доживотното владеење со државата како култна личност.
Со букви или знаци како симболи може со леснотија да се направи слика, како на пример:




L = Л






Сл.16 Со кинеското писмо или знаци, може да се направи портрет.

Сл.17 Од буква може да се направи птица.

Сл.18 Болница, Паркинг

За одржливоста на прикажување на одредени мисли и цели идеолошки слики како лигатури од две или повеќе букви претставувани со еден писмен знак, низ македонската историја, говорат делата на великанот Леонардо Да Винчи. Леонардо ди Сер Пиеро да Винчи (роден на 15 април 1452 – Амбоаз, 2 мај 1519 год.) бил инженер, научник, архитект, анатомист, музичар, сценограф, есеист, карикатурист, скулптор и сликар, со еден збор уметник, дизајнер и пронаоѓач, гениј на ренесансата. Сликите на Леонардо Да Винчи имаат геометриска композиција, со поставување на фигурите во една замислена пирамида. Замислени пирамиди со испишан текст во облик на лигатури се среќаваат на седумте заба од Виндија - Хрватска.[12] или Наска пустината во Перу.[13] Техниката наречена каиро – скуро што значи светлина - темнина, претставува негово откритие, со чија помош фигурите истовремено ги одделува и ги соединува со заднината. Моделирањето на фигурите го прави со постепено благо засенчување, во вид на нежно замаглување, кое е наречено сфумато техника. Ликовите на неговите слики имаат нежен и благ израз, со извесно идеализирање на човековата убавина. Сликата „Богородица меѓу карпи“, не е случајно поставена во пештерско

[10] Сл.15. Пештерата Бломбос во Зета Македонија Лом Божји, денешна Јужна Афричка Унија, 75 000 г. п.н.е. Види повеќе во вториот том „Зета Македонија“ под името „Компјутерски чип“.
[11] Сл.14. Зета Мадонија Холич, денешна Словачка 32 000 г.п.н.е. Види повеќе во вториот том „Зета Македонија“ под името „Зет Ајон“.
[12] Седумте фосилни заби“ Пештера Виндија, Зета Македонија на владетелот ИК‘Т ЗЕТ, Македонски Полуостров, денешна Хрватска, 32 000 г.п.н.е. Види повеќе во вториот том од книгата „Зета Македонија“.
[13] Стр.37

опкружување. Тоа е традиција на боговите Македонци со иљадници години, тоа е светилиште на Маричка божја, Мадон пролетна, Мадонка оплодена, Македонка во раст и Мајка родилка Во тој храм е почетокот на Македонија рајот. Пештерата е храм каде престојува духот божји Македон, пристигнат од сонцето да свети со својата чистота како бел бисер на студена планинска вода. Да свети со својот „ОС“ (сончев зрак, машки принцип), во „УС“ (во усните на земјата) наречено од пред 15 000 – 8 000 г.п.н.е. „ИСУС“[14] со значење „ВО НЕЈЗИНИТЕ УСНИ“ за да се роди Македонија рајот. Поради таа традиција, врвовите на планините и нивните пештери претставувале светилишта, а во недостиг на планини се граделе пирамиди со ходници под нив.



Сл.19 **„Мадон, Мадонка, Македонка, мајка родилка и Македонија рајот“**[15]
Леонардо да Винчи 1494 -1508 год. Национална галерија Лондон, Богородица на карпи (1483 – 1486), масло на платно (189,5 x 120 см) од Леонардо да Винчи за капелата во црквата Сан Франческо Гранде во Милано.

Поради оваа македонска прастара традиција, **Леонардо да Винчи го употребил основниот пирамидален облик на композицијата**. Богородица е сместена во драматична околина, а ликовите имаат една реална материјалност, поради употребата на техниките киаро - скуро и свумато, допринесувајќи за мистичноста на просторот исполнет со божјиот дух Македон. Големиот мајстор тоа го постигнува со ненадминати уметнички средства на композицијата и светлоста, која се рефлектира од лицата, истакнувајќи ги пред темната заднина. Таквата улога на светлоста ќе биде целосно искористена дури стотина години подоцна, во времето на барокот.

Со композицијата „Мадонка“, Леонардо мајстор на милениумот, ја прифатил и ја развил до совршенство македонската традиција на СЛИКАНА лигатура. Со помош на ликовните елементи и пирамидалниот распоред на фигурите напишал скриена порака, тешко воочлива за гледачите, љубители на уметноста, но и од високо стручните историчари и аналитичари на уметнички дела. Леонардо да Винчи со помош на светлото, сенката и распоредот на фигурите, го напишал името на композицијата „Мадона“. Таа е мајка на Дон, пролетта, во христијанството наречена Богородица.

[14] Види повеќе во вториот том „Зета Македонија“ - „Јас сонувам ИСУС“ Grotte du Sorcier ,Зета Македонија Нанија (денес наречена Франција), 15 000 - 8 000 г.п.н.е.
[15] http://leonardovirginoftherocks.blogspot.com/p/revised-dates.html



Во позадината, една од насликаните карпи, претставува „ОС“, сончев зрак ИЛ, дух божји Македон или машки принцип, кој се спушта од сонцето ИЛИ, преку **пирамидата** на плодноста и ја подарува на земјата и сите нејзини плодови. Сончевиот зрак паѓа точно на прстот од испружената рака на малиот бог Македонец.



сл.20 **„Македонија РАЈОТ“** Леонардо да Винчи 1494 -1508 год.[16]

При анализа на оваа слика (сл.20) од сите светски историчари на уметноста е прифатено мислењето дека насликаните фигури се поставени така што формираат една замислена пирамида. А јас препознавам замислени букви како скриена порака на уметникот. Покрај пирамидата која е основа на македонската митологија на Сонцето и косиот мост - Космосот[17], на оваа слика може да се прочита и името на Големата **Зета Македонија**. Сликата со право треба да го носи името „Зета Македонија рајот“. Женската фигура претставува персонификација на земјата АР.

[16] Сл.20 http://www.oceansbridge.com/artist-lists/leonardo-da-vinci/Leda-1530.php

[17] Поопширно за: Пирамида – конус, врвови на планини во вториот том „Зета Македонија“.






- Македонија

Божјата МАДОН се буди на ден XXI – ви март, пролетна и цутна, но со благо свумато на зората. Во самите мугри, преку пирамидата на плодноста во присуство на окото на боговите Македонци, низ кое поминува првиот сончев зрак, како духот божји Македон, експлодира врз пирамидата, на „АР“ - земјата, во вид на роса „орос“, „оплод“, за да биде „**оросена“** – оплодена. Сега Мадонка оплодена во четирите годишни периоди: пролет, лето, есен, зима, галена од богот ИЛИ, ги раѓа како мајка родилка четирите годишни периоди со сите плодови. Создадено е изобилство од храна и вино, а со тоа и рајот Македонија на земјата. Оваа слика е претстава на пренос на енергијата како дух божји Македон од сонцето кон земјата, преку двете пирамиди и двојното око во Зета Македонија. Со повеќе персонифицираност за пренос на божјиот дух се среќава и на фреската од вајарот Микеланџело во Сикстинската капела во Ватикан, прикажана подоле.



Сл.21„Раѓање на богот Македонец со божјиот дух Македон“, „Создавањето на Адам”

На сцената „Раѓање на богот Македонец со божјиот дух Македон“, преку божјото око кое сѐ гледа исто како окото од Зета Македонија АР на МА **„ведјет“**[18] излегува божјиот дух Македон како зрак – молња или две букви „**S**“ персонифисиран во човечка форма на божјата молња SEУС или ТОР во божествен допир со младиот бог Македонец, што претставува персонификација на пролетта Дон.



Сл.22 Окото на македонскиот Бог ИЛИ - ИЛ претставува погледот „SE“ од каде излегува молњата „Тор“ или дух божји Македон.Тоа е молња или буквата „S“.

[18] „Тројански коњ“, Зета Македонија Прекуокеански Јужен Цут, Наска – Перу стр.41.
поопширно објаснување за името АР на МА и Ведјет во вториот том „Зета Македонија“.




Сл.23.Божјата молња Ѕеус или ТОР од македонската митологија. Се спушта од небеските височини преку окото на богот ИЛИ како дух божји Македон. Тоа е истото око ВЕДЈАТ од Зета Македонија АР на МА, но со мали стилски измени. На божјото око пишува ТОР.

Изговорената молба „**Ооо...! Г'ли Дон**", значи молитва на боговите Македонци упатена кон сонцето ИЛИ – ИЛ, да ја оплоди божјата МАДОН со духот божји Македон, персонифициран во голата машка фигура. Богот ИЛИ во текот на пролетните месеци да ја гали во раст.[19]

Имено, територијата на божјата Македонија е земја на пролетта и цутот Дон, божјата МА, божјата Маричка, божјата МАДОН, божјата МАДОНКА, божја Македонка, божјата МАЈКА, рајот божји Македонија на земјата, на АР божји, земја на Богот Сонце ИЛИ – ИЛ и неговиот престол, децата боговите Македонци божји, букви и броеви божји, корен на светската наука, уметност, спорт, митологија и јазик божји и историја на светот божја, и со право може да се каже дека Македонија е центар на светот божји,[20] каде треба да поминува замислената линија (Гринич) која би се викала ИЛ и која поминува од врвот на Африка преку Македонија и до врвот на Зета Македонија Пролетен Ветер.

Токму поради сето ова ми се појави желба, ова истражување да го вклопам во пишан збор, со светото слово, поткрепено со илустрација, бидејќи словото е божји дар и врв на почитувањето на Богот Сонце ИЛИ - ИЛ. Не се исклучени грешки, кои на помладите истражувачи ќе им бидат поттик за почеток на нови истражувања, со што оваа книга го претставува првиот сончев зрак „ИЛ'С" и молњата „ЅЕ", заедно со божјиот дух Македон да свети во темните умови и уште потемните теории. Ова е само почеток и предговор на предизвикот за подетално истражување, за докажување на фактот за постоење на големата цивилизација и култура на Македонскиот народ на пет континенти, со непрекинат континуитет уште од времето на таканаречениот „палеолит" па сè до денес, во рамките на Големата Зета Македонија, низ сите региони на светот.

За жал овој мој научен труд кој е поткрепен со пишани документи, откриени ширум светот, а датирани од науката, за поголем дел од западно-научниот свет ќе биде несватлив, поради нивната логика на оспорување и присвојување на туѓи вредности, а со самото тоа прогласен за ненаучен и ништожен.

Причината е едноставна, поради ништожноста на нивните толкувања за историјата на Македонија и МАКЕДОНСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА како историја на светот и поради нивните присвојувања како своја историја, несакајќи да прифатат, дека македонската цивилизација е основа на сите новопрогласени држави и култури во нејзинато непосредно опкружување и

[19] „Бизон ЏИНОТ" Зета Македонија Нанија, Дордоња, денешна Франција, 12 000 г.п.н.е. види повеќе во вториот том во книгата „Зета Македонија".

пошироко. Македонија е цут, роса, Македонија е пирамида, во Македонија престојува дух Господов, Македонија е РАЈ на земјата и вселената, создадена од Еленот и Елена или СОНЦЕТО И ВСЕЛЕНАТА.




Сл.24 **Карта на Големата Зета Македонија со центарот на светот Македонија.**

Целта е да ја изнесеме и презентираме пораката што нашите предци ја оставиле врежана, а таа е зачувување на своето, негување и грижа на околината, меѓусебните односи, бидејќи нивната мирољубива и животонадежна мисла се провлекува насекаде низ дешифрираните натписи во светот. Човештвото сè повеќе пропаѓа, секојдневно, на духовен и на физички план. Тоа остана без квалитетите кои не прават да бидеме она што сме, луѓе кои во себе носат сонце, космос, луѓе кои се грижат за сојот, ројот и родот и луѓе кои ја сакаат природата и пролетта. Негрижата, материјализмот, злоупотребувањето на науката, генетскиот инжинеринг на храната, потоа загадувањето на водата и воздухот од, илијадниците нуклеарни и атомски проби, глобалното затоплување и разни други дејствија кои имаат длабоки последици и лошо влијаат на народот и на животната средина, како и на човештвото во целина, доведуваат од корен да го пресечеме и отфрлиме она за што тие се залагале, создавање рај на земјата.

**Правецот на читање одбележан со:**

> од лево кон десно

< од десно кон лево

^ од доле кон горе

v од горе кон доле

## II. БОЖЈА МА[21], МАРИЧКА божја, МАДОН[22] пролетна, МАДОНКА оплодена, МАКЕДОНКА во раст, МАЈКА [23] родилка, МАКЕДОНИЈА РАЈОТ [24]

Богот ИЛИ - ИЛЕ и божјата МА – МАДОН[25] се неизбежен дел од една целина, од една митска приказна. Тие взаемно ја оформуваат целосната слика на митолошкиот концепт на македонската цивилизација од периодот кога се создава гласот, буквата и првите пишани материјални остатоци и сликовитото претставување на светот што не опкружувал преку цртеж - лигатури и симболи. Ниеден од нив не може самостојно да се третира, притоа исклучувајќи го другиот. Нивната вземна врска или **свет космички брак**, жилаво и нужно се провлекува правејќи едно цело.

Почетокот на животот во универзумот започнува кога Големата Мајка на ВОСКРЕСЕНИЕТО го раѓа божјиот поглед „SE" пред 13 до 15 милијарди години. Божјиот погледот „SE" во вид на SВЕЗДИ како капки роса, „орос", „оплод", се вселува, во бесконечните усни на мајката ЕЛЕНА. Тој простор сè уште се оплодува – шири, се раѓа ВСЕЛЕНАТА. Во новоформираната ВСЕЛЕНА, божјиот поглед „SE" формира КОСМОС. Космосот претставува сплет од еден комуникациски систем меѓу сите ѕвезди во вселената. Комуникацијата се одвива со молњи. Мајката Елена оплодена од „SE" околу секоја SВЕЗДА раѓа по една или повеќе **SE**МЈИ. Таков е случајот со делот од божеството SE наречено ИЛИ – ИЛ кое околу својата „ОС" ја има сопствената мајката SEMJA - МАРИЧКА која кружи со божји пат наречен ГОДИНА и сопствена оска. Земјата „галена" од богот ИЛИ- ИЛ во одреден временски период прераснува во МАДОН кога се раѓаат првите души на земјата пред 3,5 милијарди години. Повторно „галена" од ИЛИ – ИЛ сè до 470 – 208 милиони години пристига од вселената првата молња SE заедно со духот божји Македон кога Мадон ќе биде оплодена и ќе прерасне во МАДОНКА. Сега повторно галена од ИЛИ – ИЛ се претвора во Македонка во раст, кога почнуваат да се раѓаат првите билки и животни на чело со човекот, божјата ѕемја се претвора во МАЈКА родилка и заштитничка. Во истиот момент на земјата се создава Македонија рајот, а луѓето во таа земја богови Македонци. Овие развојни фази на земјата се јавуваат циклично секоја нова година. Сличен развоен циклус имаме кај боговите Македонци со процесот на раѓањето, созревањето, оплодувањето, со раѓањето на нов живот и умирањето со резултат - реинкарнација.

Да кажеме на кратко, за почетокот на процесот на патот на духот божји Македон. По смртта на богот Македонец горен на клада, телото како и душата патува до сонцето на ASИЛ'К [26](аџилак) и прочистена повторно се враќа назад во рајот, но божјиот дух Македон може да отплови со помош на косите мостови во вселената а со помош на молњата и кон другите ѕвезди. Од тогаш секоја година сонцето со неговите главни одлики светлоста, топлината и духот е во посредна врска со божјата ѕемја МАДОН ПРОЛЕТНА, преку своите божји светлосни зраци ИЛ. Божјиот ИЛ на патот кон земјата ги формира: симболот на буквите „А" и „Л" и симболот на бројот пет ( V = 5 ), триаголникот [27], конусот или пирамидата на сонцето [28]. На самиот врв на пирамидата се наоѓа окото на богот ИЛИ. Божји ИЛ продолжува во истиот правец формирајќи ја пирамидата на АР на МА. Сончевата духовна енергија во облик на дух божји Македон, собрана во една точка протекува преку окото (виножито) во

---

[21] „Божја МА" Македонски килим, Етнолошки музеј, Скопје Република Македонија, види повеќе во вториот том „Зета Македонија".

[22] „М'дон прима" Танум, Зета Македонија Пролетен Ветер, денешна Западна Шведска, 3 000 г.п.н.е. види повеќе во вториот том „Зета Македонија".

[23] Сл.20 „Македонија РАЈОТ" Леонардо да Винчи 1494 -1508 год. стр.15

[24] Тран. „Македонија хранителка" Македонски ќилим, Етнолошки музеј Скопје – Република Македонија, види повеќе во вториот том „Зета Македонија".

[25] „Точката на Божја Ма" локалитет „Пилово" Кочанско 3 500 до 2 000 г.п.н.е. Види повеќе во вториот том „Зета Македонија"; „Божја МА и Македонија" Караново, Бугарија, 5 000 – 2 000 г.п.н.е, види повеќе во вториот том „Зета Македонија"; „Божја МА"Сардинија", неолит 4 000 г.п.н.е.; Тран.„М'дон прима" Танум, Западна Шведска, 3 000 г.п.н.е. види повеќе во вториот том „Зета Македонија".

[26] За именката „ASИЛ'К" како македонски збор види повеќе во вториот том „Зета Македонија".

[27] За триаголникот види повеќе во вториот том „Зета Македонија".

[28] За пирамидата види повеќе во вториот том „Зета Македонија".

пирамидата на божјата МА[29] и ја осветлува, пролева, оплодува, гали. Божјата МА симболички се претставува со „АР“, што претставува површина на земја со димензии од 10 Х 10 м. Тоа е основа на пирамидата на земјата. На таа земја се сѐ **оплодува**, се сѐ **раѓа** но и сѐ **умира** и се враќа кон сонцето како материјална енергија. Тоа е тројниот аспект на божјата МА.

Персонификацијата пак на божицата МА во претставата на жена, не е ни малку случајна. Жената отсекогаш била заштитничка на биолошката репродукција, само што во овој случај тоа е како продолжување на духовната димензија поврзана со верувањата, претставувајќи ни концепција на еден сегмент од спиритуалниот живот на човекот од дамнешните времиња. Тоа довело до развивање на своевиден култ кон божјата МА, Големата Мајка, прародителка, прамајка на сите земски творби. Таа ги еманира **плодноста, раѓањето, изобилието и благосостојбата**, но и покрај тоа има и креациона моќ, т.е. се појавува и како **креатор и одгледувач** на животот, извор на сѐ. Во себе ги спојува култовите конземајта, култот кон водата, култот кон растенијата, култот кон животните, култот кон природните елемнети, култот кон мртвите и сл.[30]

Познатите скулптури таканаречени жртвеници кои заедно со пишаните споменици пронајдени низ целиот свет, се доказ дека култот кон божјата МА бил широко распро-странет. Во Република Македонија се пронајдени жртвеници во четири региони: Пелагонија, Скопската Котлина, Полог, а низ сосема мали фрагменти и во Овче Поле. Дословното семиотичко толкување на неолитските жртвеници покажува најнепосредно изедначување на **куќата**. Неолитските жртвеници од типот **мајка – куќа** [31] не се исклучок, туку општа појава, присутна и во други епохи и региони. Се прикажува персонализираната куќа, односно куќата сфатена како живо суштество кое ги овоплотува во себе специфичните женски функции на живеалиштето, изедначено со матката. Куќата, како и мајката, ги раѓа, исхранува, чува и ги заштитува своите станари, исто како што тоа го прави мајката во однос на своите деца. Со голем степен на сигурност може да се претпостави дека оваа симболичка структура на македонските жртвеници, била интегрирана во некаков митски лик со нижи (демонистички) или виши (теистички) обележја, обвиен со разработен култ, односно почитување, верувања, митови и обреди.[32] За неа освен теракотните фигури – жртвеници, се посветени и светилишта, храмови, пишани извори[33] со буквите цутни и тоа во правец на читање од горе кон доле и обратно и од десно кон лево и обратно во вид на ЛИГАТУРА во стихови со симболични митски претстави, глинени садови како и значењето на самите таканаречени орнаменти на килимите од богатото Македонско и светско фолклорно наследство.[34]




Сл. 25

[29] „Пролет- Божја МА“ Македонски килим Етнолошки музеј, Скопје - Република Македонија, види повеќе во вториот том „Зета Македонија“.

[30] Нешка Николова, „Култот на големата Мајка“, Македоника литера, Скопје 2011, стр. 11.

[31] Неолитските жртвеници од типот мајка – куќа, види страна бр.26

[32] Никос Чаусидис „Жената како персонификација на просторот за живеење од неолитот до современиот фолклор“, Факултет за драмски уметности, Скопје 2007. стр 47.

[33] Сл. 26 „Космос и мадон од меѓупоточје“ Зета Македонија Меѓупоточна, денешен Ирак. Тел. es-Sawwan - Хассуна 6000 г.п.н.е. – Сл. 25 „ИРИС“ Зета Македонија Преекуокеански Цут Maine - SAD 4000 – 3000 г.п.н.е. – Сл. 27 „Светите кинески знаци – Shèngtú zhōngguó fúhào - 聖徒中國符號 лигатури со македонски букви и јазик“ – Прочитај повеќе во вториот том од книгата „Зета Македонија“ .

[34] „Пролет- Божја МА“ Македонски килим, Етнолошки музеј, Скопје – Р.Македонија „Зета Македонија II том“; „Утот и пролетта“ Македонски килим Етнолошки музеј, Скопје – Р.Македонија. „Зета Македонија II том“ ; „Божја МА хранителка” Македонски килим Етнолошки музеј, Скопје – Република Македонија. „Зета Македонија II том“









Сл. 26 Сл. 27

Како што е напоменато, Македонците пишувале со лигатури, на мал простор да се напише голем текст, како на прмер на сл. 25, 26, и 27. Ремек дело на македонската лигатура претставуваат светите источно – азиски симболи. Тие се свети затоа што се напишани со светите македонски букви ЦУТНИ и броеви ПРОЛЕТНИ. Еве и еден пример: Симболот за означување на именката мајка е (mŭ) 母.Редоследот на линиите при испишувањето на симболот ни го сугерира и начинот на читање на лигатурата. На симболот како македонска лигатура може да се прочита: „ИЛ Л'СЈИ Л'ЈИ И ТЕШТ ОД ДО ВОСТАНИ", транскрибирано на современ македонски јазик значи: „ИЛ СВЕТЛИ, ПРОЛЕВАЈ СО ТЕШТОТ ОД XXI ДО XXI ВОСТАНИ ИЛ." Толкувањето на транскрибираниот текст е „Македонскиот бог ИЛИ – ИЛ во пролетта на ден XXI – ви март да „ВОСТАНЕ" да изгрее на исток, да пролее сончеви зраци заедно со духот божји Македон од стариот Тешт врз мајката МУ - (mŭ) **母".** Таа е универзална Мајка/божја „МА", „МУ" од која подоцна како пандани произглегуваат светиците кои ги симболизираат одредените природни појави иако погоре е наведено дека божјата МА се однесува на сите сегменти од природата. Сето тоа симбионизирано во едно е прикажано на обработените транаскрипции.

## III. НАЧИНОТ НА СОЗДАВАЊЕ НА СВЕТИТЕ МАКЕДОНСКИ БУКВИ ЦУТНИ И БРОЕВИТЕ ПРОЛЕТНИ

На сликата подоле (сл.28) е прикажан шематски приказ на буквите и броевите во збирот на македонските симболи: точката, линијата, триаголникот, квадратот, кругот и пирамидата. Сите симболи сместени во еден кружен простор слично како кружната форма, лак или мост на космосот со симболите, свастика и спиралата.

За Македонците почитувањето на познатиот култ кон СОНЦЕТО, КОСМОСОТ, СОЈОТ РОЈОТ И РАЈОТ е култ кој опстојува од самиот почеток на сопствената свест за себе и околината, кој се негува и развива и кој претставува код од кој произлегуваат сите подоцнежни цивилизациски одлики.

**За Македонците сонцето е единствено божество, а целата материја во макро и микро космосот е божја, исполнета со божјиот дух Македон**. Космосот претставува **божји пат** низ сите делови на божествениот поглед „SE" во вселената преку моќата „S" – „SE". Космосот или кос - мост е и **патот на самото Сонце на небескиот свод**. Кос – мос е и **оската на божјата МА** што претставува мост со својот наклон на четирите годишни периоди. Космосот е спој или **љубовен допир на времето**, материјата и просторот, спој помеѓу сончевите зраци, наречени ИЛ и земјата наречена МА, која во прегратките на вселената оплодена од сончевите зраци создава плод за луѓето, боговите Македонци.

Космосот претставува и пат преку кој боговите Македонци пловат кон рајот што претставува вечен живот. Сите овие сончеви карактеристики, карактерот на молњата, косиот мост - космосот и патот до рајот на боговите Македонци, ги формираат македонските азбуки ЦУТНИ и броеви ПРОЛЕТНИ во кој е вграден божјиот дух Македон. Веднаш да одговориме зошто македонските букви се цутни. Македонците од самиот почеток на свесноста за себе,

за првото изгрејсонце, првата пролет и првиот глас го персонифицираат како ЦУТ. Цутот не е плод, тој е потенцијален плод кој допрва оплоден од повеќе цутови ќе роди нов живот. Така со појавата на повеќе гласови и букви, оплодени меѓу себе се формираат зборовите.

Начинот на создавање на првите букви ЦУТНИ и броеви ПРОЛЕТНИ И ТРОЈАНСКИ кои се користат до денес е едноставен, практичен, геометриски. Тоа е одраз на човековата поврзаност кон природата, нераскинливата врска помеѓу неговиот „УЈ“ (живот - битие), неговата природа и природата што го опкружува. Тие заедно создаваат еден систем преку кој комуницираат, се искажуваат еден со друг на начин со кој наизменично се надополнуваат. **Буквите и броевите се дело на сонцето, космосот, земјата и израз на човековата мисла, копнежот и битисувањето.** Високото ниво на самиот уметнички израз, македонските букви ЦУТНИ и броеви ПРОЛЕТНИ и ТРОЈАНСКИ во сопствен стил вклопени во мисловен концепт во форма на **фигури** во една композиција, претставува македонски традиционален израз со старост најмалку од 400 000 год. кој со тек на времето прераснува во уметност. Создадените азбуки (кирилица и латиница) и броеви (римски и арапски) за Македонците претставуваат: сонце, црвено сонце, изгрејсонце, сончев зрак, светлост, светлина, осветленост, просветленост, СВЕТОСТ. Буквата е дух божји Македон, симбол, геометриска форма, едноставна, совршена и прецизна за одбележување на една буква еден глас.




Сл.28
шематски приказ на буквите и броевите во збирот на македонските симболи: точката, линијата, триаголникот, квадратот, кругот и пирамидата.

Сонцето ИЛИ – ИЛ како двигател на животот на земјата, божество кое се спушта на земјата во облик на божји зраци ИЛ, зраци кои патувајќи кон земјата скршнувајќи или спојувајќи се со неа ги создаваат божјите букви и броеви, подарувајќи им ги на луѓето како

петотто чудо на Богот Сонце ИЛИ – ИЛЕ [35]. Како на пример првиот сончев зрак во изгрејсонцето, ја претставува буквата цутна „I“ (И) што значи бесконечност, ја претставува и бројката на пролетта „I“- еден, што значи е Е ДЕН и бројката современа „1“ Во земјите на Зета Македонија Востанија симболот за бројката еден е: „—“(се пишува„ Yī “) и се изговара како долго „И“, што претставува сончев зрак во изгрејсонце. Буквите воедно укажуваат и на вечен живот, бидејќи сонцето и вечниот живот се во директна поврзаност. Тоа е и знак на непрестаната врска, контакт на Севишниот (макро космос) со човекот на земјата богот Македонец (микро космос). Космосот за Македонците од камениот период до денес е: КОС - МОСТ, желба за идеална законитост, ред или „ОС“ - оска на движење на богот ИЛИ и боговите Македонци во круг помеѓу СОНЦЕТО ЗЕМЈАТА И РАЈОТ. Сончевите зраци се и мост кон другите делови на погледот „SE“ во вселената, со боговите Македонци како посредници помеѓу бесконечноста на космосот и конечноста на микрокосмосот т.е. човекот.

**Од тогаш, од почетокот на свесноста за првото изгрејсонце, почнува историскиот период на македонската култура и цивилизација.** Дадена од Богот ИЛИ за ука, наука[36] или поука на боговите Македонци и нивните поданици. На тој начин и култот кон сонцето заедно со свесноста за сопствената возвишеност токму поради подарената писменост претставува осветлување и за умот како ЛОГИКА[37]. Оттаму сонцето добива и подлабоко значење, неповрзано само со материјалните вредности, тоа подарува и ум, можност да се согледува и твори и со умот.

За писмена комуникација користени се букви и броеви во редови од доле кон горе и обратно и од десно кон лево и обратно. Врв на комуникацијата со букви и броеви, со висок уметнички квалитет е изработка на лигатури, цртеж-лигатури, гравир-лигатури, геоглиф-лигатура на земја и скулптура - лигатура од дрво, коска, глина и камен. Лигатурата претставува сплет на букви и броеви на прв поглед неразбирливи, но со анализа препознатливи во склоп на зборови во одреден мисловен концепт. Со неа се искажувале претстави, цели апстрактни композиции од мисли со митолошка симболика, која постепено станала традиционално обележје со сопствена оригиналност и посебност на одредени географски региони. Совршеноста на самите лигатури е во нивнито симболично прикажување на митологијата за пошироките народни маси но воедно и текстуално значење за боговите Македонци, како изразно сретство и во исто време сето тоа да биде и фигура и пишан документ на едно случување, на еден момент кој би бил засекогаш втиснат на некоја карпа земја, камен, кожа или коска. На овој начин Македонците ги пренесувале својте мисли и чуства, а природно се јавило и опевањето во стихови и мелодија. Токму затоа пишаните документи кои ги среќаваме низ целиот свет имаат поетски призвук.

Сите броеви од нулата до девет се броеви на Богот Сонце ИЛЕ, подарени на неговите деца Македонците. Арапските и римските броеви се всушност македонски броеви. Името на бројот како знак за множество, толкувано на македонски јазик има свое значење и место во македонскиот симбол на плодот од две божества - квадратот. Броевите се користени за одредување количество, но претежно како одбележување на временски периоди поврзани со одредување на рамноденицата односно започнување на плодниот период.[38]

[35] „Чудата на божјата мајка и богот сонце ИЛИ - ИЛ,создавањето живот на земјата“, „Зета Македонија II том“.
[36] Прочитај повеќе во „Зета Македонија II том.“ „Првиот образовен систем“ Зета Македонија Нанија Laugerie Haute, денешна Франција, 15 000 год.
[37] Прочитај повеќе во „Зета Македонија II том.“ -„Логос“ Осинчани, близу до Скопје, датиран 7000 - 6000 г.п.н.е. Република Македонија; „Логиката на АНК“ ПЕЛА Могида Ениџе – Беломорска Македонија - 6 000 г.п.н.е.
[38] Прочитај повеќе во „Зета Македонија II том.“ - Фосилен заб број 7, 32 000 п.н.е.



Сл.29 Македонскиот симбол на буквите и броевите [39]



Сл.30 Македонски знамиња

Во самиот симбол на македонските букви и броеви е содржано името Македонија. Македонското знаме е во облик на квадрат како симболот на две божества украсено со сончеви зраци. Коинциденција или не и англиското знаме има корени од македонскиот симбол квадратот со осум сончеви краци.




Македонските броеви од 8 сончеви зраци со вселената и окото ИЛЕ, на богот сонце ИЛИ – ИЛЕ.



Сл.31. Македонска скалеста пирамида со девет скали како девет броеви и нулата на врвот на богот - сонце ИЛИ – Мексико. [40]

[39] Сл.28 Орлов камен – Кратово, 5 000 г.п.н.е.Според светската федерација на карпеста уметност со старост од 5 000 год.
[40] Сл.31 фотографија: El Castillo (pyramidd of Kukulcán) in Chichén ItzáDaniel Schwen,18.8.2009 год.

## IV. КОСМОЛОШКО - КОСМОГОНИСКИ ПРИКАЗ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА СВЕТОТ

КОСМОГОНИЈАТА опфаќа мит за создавањето на светот. Зборот космогонија потекнува од комбинацијата на двата македонски збора и тоа: „КОСМОС“ и „ГЕНА“. Космосот се однесува на редот во вселената, во вид на КОСИ МОСТОВИ[41] за пренос на божјиот дух Македон од ѕвезда до ѕвезда и од ѕвездите до ЅЕМЈАТА, преку молњи.

Терминот КОСМОЛОГИЈА претставува специфичен поглед на светот од група на луѓе, научно обработувани појави кои се однесуваат на вселената, но и филозофски концепции за поимањето на светот, поврзани со науката, астрономијата, физиката и математиката.

Овие две теории во однос на македонскиот народ и македонската цивилизација, претставуваат едно. Тоа е така поради тоа што Македонците како божји деца и деца на Големата МА претставуваат богови на земјата, владетели и учесници во создавањето на Македонија Рајот. Македонците со подарениот УМ и ГОВОР создавајќи ги писмото и броевите ја развиле и науката, уметноста и спортот. **За полесно восприемање на научните законитости од пошироките народни маси, го создале митот за СОНЦЕТО, КОСМОСОТ, СОЈОТ, РОЈОТ РОДОТ МАКЕДОНСКИ И МАКЕДОНИЈА РАЈОТ со божјиот дух МАКЕДОН наречен ЅЕ.**

Во историскиот период Зета Македонија на македонскиот народ, настанокот на светот се објаснуваа со Големата Мајка создадена од светлото и темното, наречена ВАСИОНА. Во времето на Васионата, постоело само светлост и темнина. **Светлоста била темна или темнината е светлост**. Македонскиот збор “васиона” е составен од два збора и тоа од личната заменка ВАС = ВИЕ и ОНА со значење: 1. Показна заменка за трето лице, среден род. 2. Просторна определеност, и 3. Временско доопределување (она што се случило). Зборот ОНА може да се свати како ТАА. Според ова, ВАСИОНА би значело “САМО ЗА ВАС ТАА”. Тоа значи, Големата Мајка од светлината и темнината постои само за ВАС или за НАС боговите Македонци, за да го роди двојното божјото око, наречено „Ѕ, Ѕ“ или „ЅИР, ЅИР“. Двојниот поглед или око „Ѕ’Р, Ѕ’Р“ или „ЅИР, ЅИР“, го среќаваме во ромбичната форма на македонскиот симбол на двете тробожија со старост најмалку 400 000 години и опстојува до денес преку македонскиот вез и македонскиот ќилим. Зборот „Ѕ’Р“ е дијалектен збор од Штипскиот дел на Република Македонија, жив до денес во детските игри. При остварување на успех или победа кон спротивната страна, победникот задоволен изговарал неколку пати „Ѕ’Р, Ѕ’Р, Ѕ’Р“.



Мајката Васиона



Окото на воскресението.
Македонски ќилим-Охрид



Мајката Васиона го раѓа божјиот поглед

Мајката Васиона го раѓа окото на воскресението на Господовиот поглед „ЅЕ“. Тој претставува дух божји Македон, персонифициран како ЕЛЕН или ВСЕЛЕН.[42]

[41] „Македонија Зета“ Зета Македонија Востанија, денешен Тајланд, Pla Ra, 3 000 г.п.н.е. стр.54
[42] „Симо Запо е ВСЕЛЕН“ Зета Македонија Нанија LASCAUX, Дордоња, Франција 15 000 – 10 000 г.п.н.е. –во вториот том




СЛ.32

Во еден миг од времето бесконечно, еленот или вселенот се вселува во усните на божјата мајка Елена. На тој начин се раѓа вселената. Се создаваат сите ѕвезди, тие се делови од едно божество во вселената а околу секоја ѕвезда се раѓа по една или повеќе SEMJИ. Духот божји Македон претставува БОЖЕСТВЕНА КАРАКТЕРИСТИКА наречен **ГЕН**. Што значи, терминот „ГЕН“ е наследна единица која што ги определува карактеристиките на потомците од машки род, од тука произлегува констатацијате дека неговите деца се викаат БОГОВИ МАКЕДОНЦИ. Веднаш се чувствува потребата да се објасни терминот „ГЕНА“. Гена е всушност ЖЕНА. Што значи, терминот „ГЕНА“ е наследна единица која што ги определува карактеристиките на потомците од женски род. Од се ова кажано врвот на македонската МОНОТЕИСТИЧКА КОСМОГОНИЈА, што произлегла непосредно од МОНОТЕИСТИЧКАТА КОСМОЛОГИЈА за настанокот на светот, ОСНОВНА ПОЈДОВНА ТОЧКА Е **МАЈКАТА - жена, традиција која свесно или несвесно се провлекува во КОНТИНУИТЕТ ДО ДЕНЕС во Република Македонија.**






Сл.33 Големата МАЈКА ВАС-И-ОНА на светлото и темното.



Сл. 34 Село Долно Мелничани –Општина Жупа Дебарска околија. Македонски вез на погледот „SE“.

Преку косите мостови од ѕвезда до ѕвезда патува светлоста како дух божји Македон. Во вселената се наоѓа и SEMJATA. Повторно таа е МАЈКА, мајка на ДОН – ПРОЛЕТТА. Божјата МАЈКА сега е наречена со имињата: Маричка божја, Мадон пролетна, Мадонка[43] оплодена, Македонка во раст, МАЈКА родилка и на крајот МАКЕДОНИЈА РАЈОТ.

Македонија рајот повторно е БОЖЈА МАЈКА. Таа е мајка Македонија која со помош на божјиот дух Македон ги раѓа синовите божји МАКЕДОНЦИТЕ како БОГОВИ МАКЕДОНЦИ [44], владетели на рајот. Циклусот за обновата на божјиот дух се случува секоја година на ден XXI – ви декември или по лунарниот календар од опсерваторијата Кокино на XXXI – ви јануари. Боговите Македонци со својот дух божји Македон, по смртта ставени на клада пловат до сонцето[45] на АЏИЛАК [46], а од сонцето преку пирамидата се враќаат повторно во Македонија Рајот. Од денот на раѓање на божјите деца од божјата Мајка ѕемја како БОГОРОДИЦА наречени богови Македонци, врховниот бог ИЛИ – ИЛ почнува да ја дели својата оплодувачко - создавачка сила со својте деца за оформување на рајот. Во секој случај Богот Сонце ИЛИ – ИЛ и божјата мајка Ѕемја го имаат последниот збор.

Боговите Македонци биле и смртни па така произлегува дека тие не се богови, но нивната божественост е што тие во себе го носат БЕСМРТНИОТ дух божји Македон. Тој божји дух Македон од сонцето, качен на „Л‘СИ“ (светлосните зраци) пристигнува преку виножитото – ѕуницата во Македонија рајот за да ја оплоди SEMJATA.

За научниот свет постојат само три монотеистички митологии: христијанството, мухамеданството и јудеизмот. Создавањето на светот е во рацете на еден единствен Бог, кој од Ex nihilo го создава универзумот. Постојат и митологии во кои за постанокот на светот се вклучени повеќе божества, како на пример кинеската, индиската, персиската како и верувањето од времето на Зета Македонија на развитокот на човекот, за кое научниот свет под водство на западните научници, сметаат дека е верување во многу божества. Според моите истражувања на пишаните документи како споменици на македонската култура од периодот на развојот на Големата Зета Македонија, која датира според досегашните археолошки пронајдоци од 400 000 г. за разлика од горе наведените религии, македонската митологија настанокот на светот го објаснува со ГОЛЕМАТА МАЈКА ВАСИОНА, родилка на ВОСКРЕСЕНИЕТО на ГОСПОДОВИОТ ПОГЛЕД, кој во себе го содржи духот божји „SE“,

---

[43] „Амајлија“ Доброѓе - Романија 20 000 год. стр.127
[44] „До отецот твој“ Patne OES - Јужна Азија 130 000 – 40 000 г.п.н.е. стр.253
[45] „Креськај се“ Илина Гора, Горно светилиште, Осинчани близу до Скопје 7000 - 6000 г.п.н.е. стр.177
[46] „На аџилак од сонцето кон ѕемјата“ Равенија Беломорска Македонија 6500 – 3000 г.п.н.е. стр. 181

наречен Македон и МАЈКАТА ЕЛЕНА - родилка на ВСЕЛЕНАТА. Значи македонската митологија е МИТОЛОГИЈА НА МАЈКАТА РОДИЛКА НА воскресението на духот божји Македон во облик на молња или светлост "SE", што претставува божество **ИЛИ – ИЛ**. Меѓудругото таа е и МАЈКА родилка на сите богови Македонци. Од ова сфаќање произлегува сфаќањето на македонската митологија во однос на: времето – бесконечно, божјиот простор и божјата причинско-последична временска карактеристика.

Една од најважните карактеристики на македонскиот мит за создавањето на светот е поврзаноста на богот Македонец со својот бог татко ИЛИ – ИЛ. Врската помеѓу светото и световното тројство и преносот на духовната и материјалната енергија, преку пирамидите на земјата и сонцето. Боговите Македонци создавањето на светот го сфаќаат како подарок од нивниот бог како негови деца и богови - владетели на земјата кои заедно го создаваат рајот - Македонија. Што значи божеството не постои само за себе. Тоа постои само за својте деца богови Македонци. Тој не е сам во вселената, тој е заедно со мајка ЕЛЕНА. Богот не е создател сè од ништо, создател сè од ништо е МАЈКАТА заедно со божјиот дух Македон. Доказ за еднакви партнери за создавањето на светот помеѓу богот ИЛИ – ИЛ и боговите Македонци се и македонските легенди во кој се раскажува за создавањето на светот во партнерски однос на Богот и ѓаволот[47]. Всушност тие легенди се однесуваат на партнерскиот однос помеѓу таткото и неговите синови боговите Македонци. Се поставува прашањето зошто во легендата за создавање на светот, боговите Македонци се заменуваат со ЃАВОЛ. Одговорот е едноставен, а тоа е систематското уништување на македонскиот народ и култура од појавата на христијанството па сè до денес од сопствените одродени македонци. Христијанското учење создадено од самите Македонци се темели на исти или извртени факти од македонската митологија. Долгогодишното влијание на христијанството, боговите Македонци како учесници во создавањето на светот ги претворило во ѓаволи. Иронијата да е по голема, ѓаволот е претставен со рогови. А роговите, како роговите на бикот, ја претставуваат боженствената оплодувачка моќ на богот ИЛИ - ИЛ што претставува „УРИНАР“[48] или машки оплодувачки божји принцип.




Сл.35 „Зета Македониа“ Големата Зета Прекуокеански ЦУТ- НЕВАДА 14 500 – 10 400 г.п.н.е.[49]

Еве еден пример. На илустрацијата користен е еден од симболите кој се среќава на повеќе археолошки локалитети и предмети ширум светот, со старост од 400 000 г. Овој симбол претставува космогониско – космолошки запис. Дешифриран и транскрибиран на современ македонски јазик гласи: „СО ИЛ ЛИ – ПРОЛИ, ИСТУРИ СО ИЛ'С ДУХ БОЖЈИ МАКЕДОН.“ Полукружната линија го претставува небескиот свод, за време на ситниот пролетен дожд, кога духот божји Македон преку виножитото – ѕуницата се спушта во Македонија рајот. Буквата „Л“ претставува триаголник или пирамида на сонцето. Тоа е енергетско тело за собирање на духот божји, како кондензатор. Енергијата собрана, во еден момент се емитува кон земјата во ВЕРТИКАЛА, како ласер или машки принцип[50] влегувајќи во пирамидата МА на АР или АР на МА како буква „И“ што значи бесконечност. Во дешифрираниот и

[47] Ермис Лафазановски„Македонските космогониски легенди“ стр.27, предземена од Charles Long. 1963 стр.205-206.
[48] „С'БРНО“ Павлов, Чешка 29 000 – 25 000 г.п.н.е. –во вториот том
[49] Стр.301
[50] Наска линии, Перу 75 000 г.Стр.37 „Зет АЈОН“ Мегалит од Холич – Словачка 32 000 – 6 000 г.п.н.е.-во вториот том

транскрибиран текст на македонски јазик недвосмислено се гледа молба од боговите Македонци, до Богот Сонце ИЛИ – ИЛ да „пролие или истури“ дожд во вид на ситна роса а потоа да „пролие и истури “ сончеви зраци со духот божји Македон за да ја оплоди божјата МАДОН. Боговите Македонци со подарениот ум и говор, создавајќи ги словата ЦУТНИ (кирилица и латиница) и броевите пролетни (наречени римски), развивајќи ја науката, уметноста, спортот и митологијата, несебично го пренесуваат своето знаење со тајно и јавно писмо во вид на ЛИГАТУРА или за пошироките народни маси со цртеж-лигатура, гравир-лигатура или скулптура-лигатура. Тоа значи, **претставите на фигури ги цртале со букви**.

Како што е кажано погоре, светите македонски букви се производ од сончевите зраци. „Косите мостови“ всушност претставуваат сончеви зраци во вид на македонските броеви ПРОЛЕТНИ и буквите ЦУТНИ.

Примери на букви како коси мостови и сончеви зраци:



Сл.36
**„т ут н'ш лпа г р’си ита и ИЛ.“**
Наска Перу 75 000 г.[51]



Сл.37
**„И наша, и ИЛИ Македонија од 21-ви мар ИРИС“**
**„Наша Македонија“**Maine SAD 4000 – 3000 г.п.н.е.[52]



сл.38
**„До отецот твој“**
Patne OES - Јужна Азија 130 000 – 40 000 год.[53]



сл.39
**„Компјутерски чип“** Бломбос, Јужна Африка, 75 000 г.п.н.е[54]

[51] Прочитај повеќе во книгата „Зета Македонија II том“. - „За нашата митологија“ Зета Македонија Прекуокеански Јужен ЦУТ. (денешен Перу) 100 000 - 70 000 г.п.н.е.

[52] Прочитај повеќе во книгата „Зета Македонија II том“. „Наша Македонија“ Зета Македонија Прекуокеански Северен Цут, Maine SAD 4000 – 3000 г.п.н.е.

[53] Прочитај повеќе во книгата „Зета Македонија II том“. „Од отецот твој“ Јужна Азија 130 000 – 40 000 г.п.н.е.

[54] Прочитај повеќе во книгата „Зета Македонија II том“. „Зета Македонија Божјиот Лом“, (денешна Јужна Афричка Унија) 125 000 – 75 000 год.

## V. ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА



## VI. СПОМЕНИЦИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ОД СИТЕ ПЕТ КОНТИНЕНТИ.

### 01. „Дух божји Македон - сказалка на времето“

Зета Мадонија, Билзингслебен (Bilzingsleben - денешна Германија) 400 000 г.п.н.е.




Сл.40 Билзингслебен на карта

Локалитетот Бизлингслебен се наоѓа во срцето на територијата Лужице. На таа територија живее ахтохтон Македонски народ најмалку 400 000 г. до денес. За тоа сведочат сите возвишенија и вдлабнатини, води, растителен свет, населени места и комуникации именувани со македонски термини како на пример топонимот БЕР-лин, син на Македон.

Џон Феликс во својата статија „Графики на Билзингслебен“ во 2006 година истакнува дека пронајдените коски од овој локалитет содржат знаци кои можеби се првите сведоштва за тоа дека праисториските луѓе комуницирале со пишан збор и имале јазични способности развиени на ниво како и денешниот човек. Коските се со утврдена старост од 400 000 години, пронајдени на 10 км оддалеченост од наоѓалиштето, кое е откриено од познатиот германски археолог Дитрих Маниа.Тој истакува и дека праисторискиот човек имал ментални способости и моќ за апстрактно размислување, истражувајќи ги прецизно изграфираните геометриски паралелни линии. Неговата студија покажува дека луѓето од таа доба наречени Хомо Еректус

поседувале интелигенција која заедно со нивната способност за симболичко и математичко увидување, ги прави рамни на денешните луѓе.[55]



Сл.41. Фосилна коска со пишан текст од две страни, со македонски букви од „азбуката на цутот“[56]



Цртеж на гребнатините од предната страна



Седум коси линии, или седумте сончеви зраци, формираат еден божји сончев зрак, дух божји Македон, копје, стрелка или летечки објект кој се спушта на земјата.Тој агол е приближниот агол на отстапување на земјината оска ИЛ (наречена Гринич) од вертикална во коса положба приближно под агол од ~ 23,5 степени, тоа е положбата на земјата на почетокот на пролетта или рамниот ден со ноќта наречен РАМНОДЕНИЦА.

[55] Feliks, J. 2010. The graphics of Bilzingsleben series: Scientific misconduct over ancient artifact studies and why you should care: Part 2: Censoring the world's oldest human language. Pleistocene Coalition News 3 (5): 12-14..
[56] Сл.41 http://3.bp.blogspot.com/-FP5o6NRg21Y/TrmoKt7JonI/AAAAAAAAFXM/OOf2mrE8Nag/s1600/bonesfig3.jpg









Фосилната коска од другата страна со напишаниот текст.






| Дешифриран текст: | Транскрибиран на современ македонски јазик: |
|---|---|
| **Ј'Ѕ И ИС ИМ'С 4+4 И** | **- ГЛЕДАЈ И СО НЕА ИМАШ 4+4 И** |
| **Ѕ'Ј ЅИ УЈИ.** | **- ГЛЕДАЈ !! ГЛЕДАМ МЕСЕЦИ.** |
| **С'М ИМ'Ј С'Ј,** | **- САМО ИМАЈ, СИЈАЈ.** |
| **С'ЈЈ'СИ СИЈ.** | **- СЕГА ЈАСНО СИЈАЈ.** |
| **С'Ј УЈИ УС'Ј.** | **- СЕГА ЈАС ВО МЕСЕЦОТ ВО УСНИТЕ.** |
| **УЈ'М** | **- СО УЈАМ.** |

За разлика од западноевропските научници, според моето мислење линиите на коската имаат своја цел и намена, тие не се направени случајно. Линиите ги претставуваат сончевите зраци, светлоста, просветленоста, знаењето, светите букви со кои е напишана еротска порака за создавање на животот на земјата. Тие ги симулираат движењата на зраците од сонцето кон земјата под одреден агол од секој зрак. Во еден момент зраците се спојуваат во една еротска точка со земјата.

Според дешифрираниот текст под бр.5 „**СЕГА ЈАС ВО МЕСЕЦОТ ВО УСНИТЕ". Текстот недвосмислено ни кажува за месецот март, месецот на оплодувањето во усните на земјата. Тоа е обраќање на Богот Сонце ИЛИ – ИЛ до своите божји деца, боговите Македонци да принесат стимул, или „УЈАМ" за по голема рожба.

За да се слушнат и остварат човековите желби од Богот Сонце ИЛИ - ИЛ, се принесувало **УЈАМ** или жртва на одредени места или светилишта. Жртвата била некое животно или храна. Овој ритуал се практикува и до денес. Во хрватскиот јазик терминот УЈАМ и денес се користи, што значи ЈАМСТВО или гарант, аванс, гаранција или капар.
Сончевиот зрак кој се спушта на земјата во облик на дух божји Македон и пораката испишана со букви, во форма на стрелка или летечки објект, ги среќаваме секаде каде што живееле Македонците како на пример во локалитетот Наска, Перу (75 000 г.п.н.е.) Пештера Pestillac - Франција (11 000 – 13 000 г.п.н.е.) Lene Hara пештерата во Индонезија (6000 – 2 000 г.п.н.е.) Мегалитот во чест на Зет Ајон од Холич, Словачка (6 000 г.п.н.е.) и др. [57]

[57] Прочитај повеќе во вториот том на книгата "Зета Македонија"

Сл.42 реконструкција на портрети од ММ Герасимов [58]





Во Централна Европа на територијата Зета Мадонија се пронајдени големи населби на таканаречените праисториски ловци и тоа на локалитетите Премошти на Прерова, Долна Вештонице и Павлов на денешна територија Чешка 29 000 – 25 000 г.п.н.е.

Во седумдесеттите години на минатиот век уметникот ММ Герасимов, направил реконструкција на портрети според археолошкиот и скелетниот материјал пронајден на територијата Зета Мадонија. Неговиот труд бил негативно оценет од јавноста како премногу модерен и академски. Научниот свет тогаш слично како денешните историчари, луѓето од камениот период на македонската култура од периодот 400 000 – 25 000 г.п.н.е. ги претставуваат како диви и неуредни кои биле само обични собирачи на плодови и ловци. Од Македонците од тој временски период според пишаниот доказен материјал дознаваме за постоењето на науката, уметноста, спортот, јазикот, писмото, митологијата и историјата со свои владетели во рамките на посебни ЗЕТИ. Знаеле да одгледуваат домашни животни, ја обработувале земјата знаејќи за почетокот на сеидбените работи. Тргувале низ цела Европа, а преку реката Дунав и нејзините притоки биле во контакт со Блискиот Исток. Со еден збор животот во сите општествени сфери наликувал на денешниот.





Сл.43 ловци и трговци [59]

[58] http://www.anthropark.wz.cz/pavlov.htm

[59] Реконструкција на портрети од ММ Герасимов, http://www.anthropark.wz.cz/pavlov.htm

**02. „За нашата митологија“**
Зета Македонија Прекуокеански Јужен ЦУТ, Наска линии (денешен Перу) 100 000 - 70 000 г.п.н.е.

Сл.44 Наска,Перу






**Наска линиите** се серија на прастари геоглифи (цртежи на земја), кои се наоѓаат во истоимената пустина во Перу. Тие се денес дел од светското културно наследство на УНЕСКО. Површината која ја зафаќаат линиите е некаде околу 550 квадратни километри, помеѓу градовите Наска и Палпа. Научниците тврдат дека тие се дел од културата на Наските кои датираат од 200 г.п.н.е. до 700 година. Линиите се создадени со отстранување на црвенкастата површина и со појавување на посветла почва. Се појавуваат во форма на различни животни, како на пример птица, мајмун, риба и човекови форми. Тоа се километри од линии и големи цртежи (некои со големина на фудбалско игралиште). Поради сувата клима која владее во тој дел од Перу, линиите денес се доста добро зачувани. Сè уште не се знае за што всушност биле употребувани овие линии, која е причината за нивно создавање и кој ги создал. Тие се основа на многу теории. Линиите биле проучувани од антрополози, археолози и астрономи, но сè уште не нашле докази, со кои може да се потврди некоја од нивните теории. Иако некои луѓе не веруваат дека е можно толку големи фигури да бидат создадени од човечка рака, вистината е дека луѓето кои ги создале линиите располагале со високо развиена свест, наука и техника. Денес има голема дебата за причините за создавањето на линиите, но голем дел од истражувачите веруваат дека тие имале **религиозна цел**.

**Марија Раих** (1903 – 1998), Германски математичар и археолог е најпознатиот изучувач на Наска линиите. Во 1932 година работела како дадилка и учителка на Германскиот конзул во Перу. Со започнување на втората светска војна таа решава да остане во Перу и да не се враќа во родната Германија, така што во 1940 година станува асистент на американскиот историчар **Пол Косоку**, кој ни ги открива Наска линиите и така во 1946 година започнува нивното истражување. Бидејќи линиите јасно се гледаат од горе, при авионска обиколка на тој начин се и направени фотографии. Тој интересирајќи се за системите за наводнување забележал како една линија е насочена директно кон сонцето, сугерирајќи дека тоа е маркер за зимската краткоденица, а шест месеци подоцна г-ѓа Марија Раих открива линија која посочува на летната догоденица со што започнува долгогодишното истражување на како што д-р Кусоку наведува „**најголемата астрономска книга на светот“**. Во 1948 год. Косоку го напушта Перу, меѓутоа истажувањето на линиите продолжува. Според долгогодишните истражувања на Марија Раих која следните 50 години од својот живот ги посветува на Наска линиите, испитала повеќе од 1000 линии и ја застапува теоријата дека линиите се користени како соларен календар и како опсерваторија за астрономски набљудувања, создадени некаде околу 400 г.п.н.е до 800 г.н.е. Своите теории ги изложила во книгата „Мистеријата на пустината“.[60]

Според моето истражување, Наска линиите се направени од луѓето Македонци, сведочејќи за нивната големина и големината на нивниот Бог ИЛИ - ИЛ, за нивната наука, историја и култура, преку митологијата на сонцето, космосот,ројот, сојот, рајот и настанокот на светот, но и начинот на опстојување и патување низ времето. Линиите ги симболизираат сончевите зраци, а должината на самата линија ја симболизира желбата на луѓето сончевите

[60] http://www.maria-reiche.de/

денови да бидат побројни, подолги, поплодни и временски бесконечни. Наска линиите не содржат само цртежи чија природа сѐ уште е мистерија, туку и букви ЦУТНИ од кириличното и латинично писмо на Македонците, букви кои се користат и ден денес со мали стилски разлики. Пишувано е во вид на лигатури. Најчесто неразбирливи, огромни по димензии, како уметничко дело во шифри, Наска линиите се тајна порака за идните генерации Македонци во вечноста, за нивниот опстанок, воздигнување и реинкарнација. Пораката е тајна поради големиот број непријателски сили, кои потекнуваат од самите нив како одродени Македонци. Наска линиите се тајна поради моќта која ја кријат за ВЛАДЕЕЊЕ на светот, тие се тајното оружје кое лесно може да се употреби од Македонците безбожници против самите себе и уништување на светот. Намерата на самоуништување им успеала. Значењето на линиите, исто така и на пирамидите како оружје е заборавено. Но благодарение на силата божја ИЛИ – ИЛ, благодарение на силата на умот македонски, писмото, јазикот и силата на некои Македонци како владетели, опстојуваме до денес. Пораката е тајна поради нивната светост. Тоа е тајната на моќта на македонската духовна енергија која служела за движење преку пирамидите од Зета до Зета од континент до континент, од Земјата до Сонцето и од Сонцето кон божјата мајка на светлината Големата МА. Дешифрирањето на Наска линиите е можно само преку македонскиот народ, преку нивниот ЈАЗИК, ПИСМО и КУЛТУРА. Симболиката на линиите и фигурите служат за претставување на македонската митологија и историја за обичните необразовани луѓе и за тие луѓе што не го говореле македонскиот јазик и не го разбирале македонското писмо, а воедно живееле со Македонците како нивни поданици. Сето ова и до некаде ни ја разрешува токму и причината и целта за која се тие создадени, што е само нова и интересна теорија од мозаикот теории и интерпретации за Наска линиите**. Тие го претставуваат македонскиот Бог ИЛИ - ИЛ, ја претставуваат нашата вечност и бесконечност на постоење и пловење со вселенските линии на времето.** Тие се вид на **календар за минатото и претскажување на иднината,** а со нив е прикажан настанокот на светот, патот на духот божји од сонцето кон земјата и обратно со македонските симболи. Овој локалитет претставува едно уметничко **дело на плодноста, пролетта Дон – цутот и Македонија рајот, на Големата Зета Македонија со нејзините владетели зетови и невести, тестови и тешти.** Со нив е пишуван текст на македонски јазик, наменет за идните генерации, креирана со години. Самото име на малото гратче е од македонски дијалектен говор од Солунско – Костурско – Струмички регион што значи: Наска е збор толкуван како **ЈАСКА** во еднина со значење **ЈАС** и зборот во множина **НАСКА,** што значи **ЗА НАС**. Луѓето од тој регион изградиле неверојатни објекти со уметничка, конструктивна и практична вредност кои опстоиле до денес да сведочат за нивната божественост. Содржат јасна и строга математичка прецизност, обемност и физичка концизност што води до заклучок дека Македонците од тој историски период имале солидно познавање на неколку научни дисциплини. Текстот кои го содржат е своевидно обраќање кон Богот Сонце **ИЛИ** – **ИЛ**, кон големината на царството **Зета Македонија** и нејзините владетели па сѐ до пораки и натписи за секојдневниот живот, желбата за плодна година, предвидувања и визии за некои зачудувачко далечни предмети и појави. Како и на кој начин тоа им успеало останува мистерија, но она што е наша задача како објаснување на горенаведеното следува во следните толкувања, транскрипции и илустрации. Наска е специфичен натпис или запис за Македонската наука и уметност со нејзината митологија за сонцето и космосот, Богот ИЛИ – ИЛ, Ѕеус, божјата МА, Дон, и боговите Македонци.



Сл.45. Снимка од google earth со шематски приказ на две пирамиди и двојното око, на светото и световното тројство. ПИРАМИДИ НА СВЕТОТ и тоа пирамидата на сонцето со димензии од 9200м x 9200м x 9550м и пирамидата на љубовта и божјата МА со димензии од 4200м x 4200м x 5300 м.

Времето на настанувањето на Наска линиите не е познато, но од многуте теорети-чари кој не го познаваат македонскиот јазик, писмо и култура, изнесува од 500 г.п.н.е. до 700 г.н.е.

Според покажаната наука и техника во изработката на геоглифите, во вид на лигатури, писмото и јазикот кој е користен, запишаните имиња и обликот на владеење во Зета Македонија и темата која се обработува, може со сигурност да се каже дека Наска линиите се направени од народот Македонци во рамките на големата Зета Македонија со старост која кореспондира со натписите од целиот свет, со претпоставка 400 000 -75 000 г.п.н.е. Тие се правени со години, векови со што континуитетот е одржан.

Следува дешифрирање на еден мал дел од линиите кои се присутни во Наска. Со ова е отворен патот на помладите истражувачи со повеќе материјални средства да истражуваат и на самото место. Користени се сателитски снимки од google earth.

**02/1 „Пирамида на сонцето“**




Шематски приказ на дел од пустината Наска со дешифрирани писмени докази.

Дел од дешифриран текст кој се наоѓа во склоп на пирамидата на сонцето.

| | |
|---|---|
| 1.,2. **Se на ИЛ.** | |
| 3. ИЛ, ли од до. | ИЛ ЛИ ОД ДО. |
| 4. ИЛ - SEУС ИТАЛ И Л‘САЛ ЛУДО. | ИЛ – SEУС ИТАЛ И СВЕТЕЛ ЛУДО. |
| 5. Н‘ДА ЛУНА ШКРТА, | НАДА ВО ЛУНАТА ШКРТА, |
| С УЈ К‘Д ИЛ ЈОШ УЛИ. | СО ЖЕЛБИ ИЛ УШТЕ ГО МОЛИ. |
| 6. ОЈ ДОДО ДОДОЛЕ МОЈ БОЖЕЛЕ, | ОЈ ДОДО ДОДОЛЕ, МОЈ БОЖЕ ЛЕ. |
| ИЛ‘С И ДОДОИ ИДООДО, | СО ИЛ‘С И ДОДОИ ИДООДО, |
| ЕСИ ИПС‘С, | Е СО ТАА МОЛЊА, |
| И С‘С ПС‘ | И СО БЛЕСОК СПАС. |
| Д ОДОЛ ДОДО, | ДО ОДОЛ ДОДО, |
| ДОДОЛ ДОДО | ДОДОЛ ДОДО. |

## 02/2 „Тројански коњ“










Поглед SE, светлост, дух божји Македон со четири годишни периоди.

Правецот на движењето за толкување на линиите е од северозапад кон југоисток. Меѓу мозаикот од линии се рапознаваат главни и помошни линии на митолошки пораки. Линиите формираат букви и цртежи. Почетниот геоглиф на македонската митологија „ЗА НАС“ е „Тројанскиот коњ“. Тој претставува поглед, светлост, четири сончеви зраци, четири годишни периоди, дух божји Македон, енергија која се движи од сонцето кон земјата и од земјата кон сонцето.

Еден од симболите на сончевиот зрак за Македонците бил коњот. Боговите Македонци качени на коњ, како на сончев зрак патувале кон сонцето и космосот. Поради нивното верување во **тробожија** си го добиле и името ТРОЈАНЦИ.

Имено, разноврсноста на теориите и мистериозноста на линиіте сѐ уште претставуваат атракција за луѓето од целиот свет. Во ова место, во ова светилиште прикажана е на некој начин целата структура на културата на еден мудар народ со развиена наука уметност, спорт и митологија, на моменти со неверојатна вонземска предвидувачка моќ, со прецизност и расудувачка способност на еден современ научник, и со чиста посветеност и предаденост кон изворот на животот – Сонцето, отелотворен во врвното и единствено божество – Богот ИЛИ - ИЛЕ со зраците ИЛ. Линиите кои се како создадени од духовни битија, говорат непрекинато за еден изминат долг временски период со истата жар и мотив, континуирано создавани од таа духовна енергија која надоаѓа од вселената и циклично повторно се враќа, со што со право може да се сметат како веродостојни записи за историјата на македонската

цивилизација која е жива до денес, преку македонската митологија и преку народните обичаи и приказни во Република Македонија пренесени од времето на Големата Зета Македонија низ целиот свет.

**02/3 „На ИЛ“**




**02/4 „ИЛИ ли од до“**




Геоглифот како централна фигура на пирамидата на сонцето, испишан е текст „ИЛИ ЛИ, ОД ДО“ сака да каже **„ИЛИ пролевај сончеви зраци од XXI – ви до XXI – ви преку четирите годишни периоди. Сонцето ИЛИ испушта една централна линија која се движи до врвот на пирамидата. Таа линија е столб на самата пирамида кон која се придружува линијата на божјата молња „SE“.**

**02/5 „Божја молња ‘SE‘ “**




**- ИЛ SEYC**




**- Итал и лсал лудо.**

Геоглифот под број 5 формира една порака која гласи: **„ИЛ SEУС ИТАЛ И Л'САЛ ЛУДО“**, што сака да каже **„Молњата се спушта од височините светли лудо“**. Богот ИЛ синоним за сончев зрак е синоним за молњата на божји Seус. Зборот „SE-УС“ не е божество, тоа е божја карактеристика. Тоа е манифестација на силата на оплодувачката божја моќ. Богот ИЛИ се огласува, со силен блесок и тресок влегувајќи во усните на земјата. По чинот на спојување, настапува оплодувањето преку виножитото со ситна роса, орос оплод или сперматозоиди на духот божји Македон. Според напишаниот текст божјата молња „SE“ мора со специјални обреди да се предизвика. Обредот за предизвикување на почеток од оплодувањето е стар со стотици и илјадници години а сè уште е жив на Македонскиот Полуостров под името „Додолски обредни песни“.

**02/6 „ Додолска обредна песна“**






**ИЛУ ШОЈ Ј ЛИ Д'К ЈУ С АТРКШ АНУЛ АД'Н** <

(Се чита од десно на лево.)

Транскрибирано на современ македонски јазик е: **СПИРАЛАТА** (ВЕЧНИОТ ЖИВОТ, ИЗВОР НА ПЛОДНОСТА) „**СО НАДЕЖ, МЕСЕЦОТ ШКРТ ЗА МЕНЕ, КОГА БОГОТ ИЛ, ЈАС УШТЕ ГО МОЛАМ.**"

Македонецот земјоделец за неговиот опстанок и богат род создал специјални ритуални песни, кои се практикуваат и денес во Република Македонија под името **ДОДОЛИЦИ.**




**> ОЈ ДОДО ДОДОЛЕ МОЈ БОЖЕЛЕ**




**С'СПИ ИСЕ, ОДООДИ ИОДОД И ИСЛ** <
**ОДОД ЛОДОД, ОДОД ЛОДО Д, СП С'СО И,**<

(се чита од десно кон лево)

Локалитетот на кој е испишан геоглифот за додолската песна е во непосредна близина на геоглифот за божјата молња SE-УС. Гласот на народот македонски со една линија на

вечноста пристига до самиот врв на пирамидата на сонцето. Транскрибирано на современ македонски јазик гласи:

**„ОЈ ДОДО ДОДОЛЕ, МОЈ БОЖЕЛЕ, СО Л‘СИ И ДОДОИ ИДООДО, Е СО ТАА МОЛЊА И СО БЛЕСОК СПАС. ДО ОДОЛ ДОДО, ДОДОЛ ДОДО.“**

Извикот „ОЈ“, е повик до Богот ИЛИ со светлосните зраци, за природата да ја „ДОДОИ“, во четирите годишни периоди со зборовите: „И ДО ОД О“ или „ОД ДО“, што значи од XXI – ви март до XXI- ви јуни и тоа само со молњата и нејзиниот блесок, кога ќе се истури дожд, роса, орос или оплод. И сето тоа да се случи во ЗЕТА МАКЕДОНИЈА.[61]

### 03. „Сонце јасно“

Зета Македонија Прекуокеански ЦУТ (денес Колорадо) 14 500- 7000 г.п.н.е.

Според Dorn, McGlone и Leonard, датирањето на овие симболи е со старост од 200 г.п.н.е., но подоцна оваа констатација е повлечена. Петроглифот се наоѓа во југозападниот дел на Колорадо. Во негова близина има повеќе стотици слични петроглифи на карпи кои се високи до 80 метри, а овој петроглиф се наоѓа на височина од 20 метри. Според научниот свет височината на местото каде се наоѓаат испишаните текстови се должи на големата ерозија на земјата.



Сл.46 Фотографија од Петроглифот[62]




[61] За додолски обичаи прочитајте повеќе во книгата „Зета Македонија“ II том.
[62] Сл. 46 http://rockartblog.blogspot.com/2014/01/where-barry-fell-purgatory-canyon.html




Според извршената анализа на петроглифот од десно кон лево и од лево кон десно пишува: **„О ИЛИ Л'ТО С'Ј С СИН, С'НЦЕ Ј'СНО ЛИ, ИЛИ УЛИ.“** Транскрибирано на современ македонски јазик значи: „О ИЛИ ЛЕТО СИЈАЈ СО СИНОТ. СОНЦЕ ЈАСНО ЛИ, ИЛИ МОЛИ.“ Со овој натпис, владетелот, зетот и богот на земјата ја изразува логичната врска за постоење на природните појави само поради боговите Македонци. Воедно укажува на дуалистичкиот однос помеѓу богот и синот во создавањето на Македонија Рајот. Со втората реченица богот Македонец пред своите поданици се поставува како супериорен и над самиот Бог, со наредбата: „СОНЦЕ ЈАСНО ЛИ!“ Но веднаш укажува на фактот дека тој не е семоќно божество со зборовите: „Или МОЛИ!“. Со неговата гордост како владетел, тој не учествува во молитвите за смилување на богот ИЛИ за пролевање на сончеви зраци како оплод, тоа им го наредува на своите поданици.

Овој петроглиф како и многу други се непобитно сведоштво за присуство на македонскиот народ на територијата на Америка наречена Зета Македонија Прекуокеански ЦУТ со македонска азбука, јазик и митологијата која е распространета на пет континенти.

**04. Зета Македонија Лом на Дон,** Национален парк Какаду (денешна Австралија) 20 000 – 6000 г.п.н.е.




Какаду е национален парк во Австралија кој е основан 1981 год. поради својата единствена и уникатна флора и фауна е под заштита на Унеско. Таму се наоѓаат едни од најстарите петроглифи некои со проценета старост од 40 000 години. „Какаду изобилува со таканаречената праисториска карпеста уметност и артефактите кои се пронајдени со старост од 20 000 години па се до 6 000 г.п.н.е. и се дел од домородните племиња Абориџини“[63].

Таканаречена праисториска уметност проучувана од денешните аналитичари, не е ништо друго туку историска уметност. Од еден историски развој на науката, уметноста, спортот и митологијата, со развиена писменост, со централизирана управа на чело со владетелот наречен ЗЕТ со неговата војска и народ и неговата територија наречена Зета Македонија.

